# СЛУ НА ФЕДЕРАТИВН

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА ФНРЈ" излегува по потреба, во српско, хрватско, словенечко и македонско издание. — Огласи по тарифата. — Текушта сметка при Народната банка на ФНРЈ за претплата бр. 1032-Т-220, за одделни изданија 1032-Т-222 и за огласи 1032-Т-221.

Петок, 1 јануари 1954

БЕЛГРАД

БРОЈ 1 ГОД. X

Цена на овој број е 40.— дин. — Претплата за 1954 година изнесува 1000.— дин., а за странство 1500.— динари. — Редакција: Улица Кралевић'а Марка бр. 9 — Телефони: Редакција 28-838, Администрација 26-276, Продавно одделение 22-619, Тел. централа 28-010.


1.

Врз основа на точ. 36 од Одлуката за времено определување делокругот на одборите и комисиите на Сојузниот извршен совет и за организација на неговата администрација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53), а во врска со точ. 1 и 9 од Наредбата за определување надокнада на имателите на добиток, превозни и други средства земени за потребите на оружените сили на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/50), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ЦЕНИТЕ НА ДОБИТОКОТ НА ПРЕВОЗНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА КОИ ЌЕ СЛУЖАТ ЗА УТВРДУВАЊЕ МЕСЕЧНА НАЕМНИНА И НАДОКНАДА НА ИМАТЕЛИТЕ ОД КОИ ШТО СЕ ЗЕМЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ФНРЈ

1. — Во Решението за цените на добитокот, на превозни и други средства кои ќе служат за утврдување месечна наемнина и надокнада на имателите од кои што се земени за потребите на оружените сили на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/53) се додаваат во точ 1 зад одделот XI два нови одделі кои гласат:

„XII. Трактори:

1. Со тркала:

а) со погон на петрол:

| | |
|---|---|
| од 20 кс — — — — — — — — | 310.000 |
| „ 25 „ — — — — — — — — | 370.000 |
| „ 30 „ — — — — — — — — | 420.000 |
| „ 35 „ — — — — — — — — | 480.000 |
| „ 40 „ — — — — — — — — | 566.000 |

б) со погон на бензин:

| | |
|---|---|
| од 40 кс — — — — — — — — | 640.000 |

в) со погон Дизел:

| | |
|---|---|
| од 5 кс — — — — — — — — | 127.000 |
| „ 10 „ — — — — — — — — | 410.000 |
| „ 20 „ — — — — — — — — | 645.000 |
| „ 30 „ — — — — — — — — | 878.000 |

2. Гасеничари:

а) тешки:

| | |
|---|---|
| од 100 кс — — — — — — — — | 3,800.000 |
| „ 150 „ — — — — — — — — | 5,300.000 |
| „ 180 „ — — — — — — — — | 6,500.000 |

б) средни:

| | |
|---|---|
| од 40 кс — — — — — — — — | 1,800.000 |
| „ 50 „ — — — — — — — — | 2,300.000 |
| „ 60 „ — — — — — — — — | 2,900.000 |
| „ 70 „ — — — — — — — — | 3,580.000 |

в) лесни:

| | |
|---|---|
| од 7 кс — — — — — — — — | 250.000 |
| „ 15 „ — — — — — — — — | 550.000 |
| „ 20 „ — — — — — — — — | 700.000 |
| „ 25 „ — — — — — — — — | 850.000 |
| „ 30 „ — — — — — — — — | 1,000.000 |

За тракторите чија јачина во кс е поголема или помала од онаа за која е цената утврдена, ќе се определи цената сразмерно со цената на трактор од истата група а најблиску со помала јачина.

XIII. Тракторски приколици:

| | |
|---|---|
| од 0,75 т — — — — — — — — | 120.000 |
| „ 1 т — — — — — — — — | 250.000 |
| „ 1,5 т — — — — — — — — | 300.000 |
| „ 2 т — — — — — — — — | 340.000 |
| „ 2,5 т — — — — — — — — | 370.000 |
| „ 3 т — — — — — — — — | 400.000" |

2. — Цените цитирани во ова решение ќе се применуваат од 19 август 1953 година.

3. — Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 412
1 јануари 1954 година
Белград

Го застапува Претседателот
на Одборот за стопанство
на Сојузниот извршен совет,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

---

2.

Врз основа на точ. 3 и 6 од Одлуката за времено определување делокругот на одборите и комисиите из Сојузниот извршен совет и за организиција на неговата администрација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53), а во врска со точ. 1 и 9 од Наредбата за определување надокнада на имателите на добиток, превозни и други средства замени за потребите на оружените сили на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 20/50), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ДОПОЛНЕНИЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЕМНИНАТА И НАДОКНАДАТА НА ИМАТЕЛИТЕ НА ДОБИТОК, ПРЕВОЗНИ И ДРУГИ СРЕДСТВА ЗЕМЕНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ОРУЖЕНИТЕ СИЛИ НА ФНРЈ

1. — Во решението за определување наемнината и надокнадата на имателите на добиток, превозни и други средства земени за потребите на оружените сили на ФНРЈ („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/53) се додаваат во точ. 1 зад одделот XI два нови одделі кои гласат:

„XII. Трактори:

1. Со тркала:

а) со погон на петрол и бензин за 1 кс јачина на моторот — — — 180

б) со погон Дизел за 1 кс јачина на моторот — — — — — — — — 500

2. Гасеничари:

тешки, средни и лесни за 1 кс јачина на моторот — — — — — 500

XIII. Тракторски приколици:

| | |
|---|---|
| од 0,75 т — — — — — — — — — | 700 |
| „ 1 т — — — — — — — — — | 1.430 |
| „ 1,5 т — — — — — — — — — | 1.570 |
| „ 2 т — — — — — — — — — | 1.700 |
| „ 2,5 т — — — — — — — — — | 1.840 |
| „ 3 т — — — — — — — — — | 2.000" |

2. Наемнините наведени во ова решение ќе се применуваат од 19 август 1953 година.

3. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 413
1 јануари 1954 година
Белград

Го застапува Претседателот
на Одборот за стопанство
на Сојузниот извршен совет,
**Мијалко Тодоровиќ**, с. р.

**3.**

Врз основа на чл. 3 од Уредбата за надлежноста за определување и контрола на цените и тарифите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 63/50), а во врска со точ. 6 од Одлуката за времено определување делокругот на одборите и комисиите на Сојузниот извршен совет и за организација на неговата администрација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53), Одборот за стопанство на Сојузниот извршен совет донесува

## РЕШЕНИЕ
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИТЕ ПРОДАВНИ ЦЕНИ ЗА МОТОРЕН БЕНЗИН, МОТОРЕН ПЕТРОЛ И ПЛИНСКО УЉЕ

1. Основната цена за моторен бензин 70/72 октани етилизиран, за моторен петрол 30 октани и за плинско уље 85% — 350° Ц, што во Ценовникот на основните цени за суровини и полупроизводи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 57/51) се определени со 50, 37,50 односно 35 динари за еден килограм, а што со Решението за формирање на продавните цени за суровини и полупроизводи на индустријата и рударството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 32/52) се определени како највисоки (плафонски) продавни цени, се наголемуваат и тоа за:

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| моторен бензин 70/72 октани етилизиран | на | 75 | дин. за | 1 кг |
| моторен петрол 30 октани | „ | 63 | „ „ | 1 „ |
| плинско уље 85% — 350° Ц | „ | 60 | „ „ | 1 „ |

2. Цените утврдени во претходната точка претставуваат највисоки (плафонски) продавни цени за спомнатите производи, а ќе важат од 1 јануари 1954 година.

3. Поблиски упатства за спроведување на ова решение ќе донесе сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство.

4. Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 16140
25 декември 1953 година
Белград

Го застапува Претседателот
на Одборот за стопанство
на Сојузниот извршен совет,
**Милентије Поповиќ**, с. р.

**4.**

Врз основа на точ. 13 од Одлуката за времено определување делокругот на одборите и комисиите на Сојузниот извршен совет и за организација на неговата администрација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53), а во врска со чл. 9, 23 и 79 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52), Персоналната комисија на Сојузниот извршен совет пропишува

## ПРАВИЛНИК
## ЗА СТРУЧНАТА СПРЕМА НА УПРАВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Одредбите од овој правилник се однесуваат до управните службеници запослени во државната администрација (сојузните и републичките државни секретаријати, администрациите на извршните совети и народните собранија, самостојните управи, управните установи, администрациите на народните одбори (и во управната служба на установите вон составот на државната администрација, ако нема посебни прописи.

Одредбите од овој правилник се однесуваат и до лицата што се назначуваат како службеници без звања по чл. 14 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи.

За службениците во дипломатско-конзуларната служба важат посебни прописи.

Член 2

Општите услови во поглед на приправничкиот стаж, условите за полагање на одделниот стручен испит за више звање и условите за признавање средна и виша стручна спрема, како и општиот дел на програмата на стручните испити, заеднички се за сите управни службеници.

Спрема видот на службата се определува видот на школската спрема што е услов за прием во поодделни служби, а исто така и посебниот дел на програмата за полагање стручни испити.

### II. ПРИПРАВНИЧКИ СТАЖ И СТРУЧНИ ИСПИТИ

#### 1. Служби во кои можат да се назначуваат приправници

Член 3

Службите во кои можат да се назначуваат приправници за звањата на управните службеници се: управно-правна, криминалистичка, буџетска, службите на приходите и царините, службите на инспекциите (финансиска, девизна, на трудот и др.), како и службите на правосудството (народни судови, јавни обвинителства, јавни правобранителства и државни арбитражи).

Сојузниот Државен секретар за работи на општата управа и за буџет може, ако се укаже потреба за тоа, да одобри и во други служби да се назначуваат приправници за звањата на управните службеници.

Во службата во кои за вршење управни работи е потребна и стручна спрема на здравствената, просветната и ветеринарната струка или стручна спрема на техничките струки (градежна, шумарска, селско-стопанска и др.), приправници за звањата на управните службеници не можат де се назначуваат.

Во службите наведени во претходниот став можат да се назначуваат за управни службеници само лицата што веќе го положиле стручниот испит и кои имаат најмалку шест години стручна пракса.

Директорот на Управата за поморство и речниот сообраќај ќе определи за кои работи во управната служба на поморскиот и речниот сообраќај можат да се назначуваат приправници за звањата на управните службеници и со каква спрема; за кои работи на управните службеници во поморскиот и речниот сообраќај е потребна претходно здобивена определена квалификација во трговската морнарица, односно бродарството на внатрешната пловидба; колкав ќе биде пловидбениот стаж и на какви функции на бродот и каков стручен испит треба да положат овие лица при влегувањето во управната служба на поморскиот односно речниот сообраќај.

Член 4

Во службите од чл. 3 ст. 1 од овој правилник можат да се назначуваат како приправници за звањето само лицата што имаат средна школа за општо образование (гимназија) или средна економска школа, а за звањето референт — лицата со завршен правни односно економски факултет. Во поодделни служби може да се пропише лицата што завршиле школа за општо образование да мораат пред да влезат во служба да завршат определен курс а најмалку половина година.

Со кој друг вид средна односно виша школска спрема можат во поодделни служби да се назначуваат приправници за звањата на управните службеници определуваат:

а) за службата на приходите — сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство;

б) за царинската служба — директорот на Управата за царини;

в) за криминалистичката и управно-правната служба во ресорот на внатрешните работи — сојузниот Државен секретар за внатрешни работи;

г) за службата на инспекциите — надлежните сојузни државни секретари;

д) за управната служба во поморскиот и речниот сообраќај — директорот на Управата на поморскиот и речниот сообраќај;

ѓ) за другите службеници — сојузниот Државен секретар за работи на општата управа и за буџет.

Член 5

За приправниците за звањата на управните службеници постојат два вида стручни испити — управен и правосуден испит.

Правосудниот испит го полагаат приправниците од правната струка на работа во правосудни установи (државни арбитражи, јавни правобранителства, јавни обвинителства и судови), а управниот испит — приправниците во сите други служби.

Ако се пропише одделен судиски испит, приправниците во правосудните установи ќе го полагаат испитот по тие прописи.

**2. Приправнички стаж**

Член 6

Приправничкиот стаж трае три години.

Стручниот испит приправникот може да го полага откога ќе наполни две години стаж.

Член 7

Приправниците од правната струка, што не се на работа во правосудните установи, проводат шест месеци стаж во некоја правосудна установа и шест месеци во администрацијата на народните одбори, а приправниците во правосудните установи — шест месеци стаж во администрацијата на народните одбори.

Приправниците за звањата пристав што се назначени во судот за вршење работи во врска со водењето на земјишните книги, го проводат сето време на приправничкиот стаж во судот.

За време на приправничката служба, без обзир каде се проведува приправничкиот стаж, приправниците примаат плата кај оној орган односно установа кај која се назначени.

Член 8

Органите и установите при кои се наоѓаат приправниците на стаж должни се за тоа време да им овозможат добро да ги запознаат работите на службата во која се запослени, за да се приготват што подобро за полагање на стручниот испит.

За време на приправничкиот стаж приправниците треба да ги запознаат и сите канцелариски работи.

Надлежниот републички орган може да донесе поблиски прописи за тоа кои работи приправникот треба да запознае во текот на стаж, колку време ќе биде на поодделни работни места, кој и како ќе води надзор над работата на приправникот (водење дневник за работата и др.) и ќе се грижи предвидените мерки во целост да се спроведат.

Член 9

Во администрацијата на народните одбори и во правосудните установи 10% од вкупниот број службенички места се пополнува првенствено со приправници.

Со систематизација може да се предвиди и поголем процент на работните места на кои првенствено ќе се назначуваат приправници.

На местата предвидени за приправници можат да се назначуваат и лица што веќе положиле стручен испит, само ако на конкурсот објавен за пополнување на приправничките места нема да се јават достаточен број приправници.

Член 10

Писмената пријава за полагање на стручниот испит приправникот ја поднесува до старешината на организационата единица во која е распореден, а овој ја испраќа до органот при кој е формирана испитната комисија.

Со пријавата за полагање на стручниот испит старешината на организационата единица поднесува заверен препис од решението за назначување и податоци за тоа во кои организациони единици и кои работи приправникот вршел за време на приправничкиот стаж, а исто така и дневникот за работата доколку бил должен да го води.

**3. Програма на стручните испити**

Член 11

Програмата на управниот испит се состои од општ и посебен дел.

Член 12

Општиот дел на управниот испит за приправниците во сите служби опфаќа, и тоа:

А. За приправниците за звањето пристав:

1) организација и делокруг на државните органи, со нарочен осврт на народните одбори;

2) организација на судовите, државната арбитража, јавното правобранителство и јавното обвинителство;

3) начела на општо-управната постапка и Законот за управните спорови;

4) основни принципи на управувањето со стопанските претпријатија и установи на општествените служби (здравствена, социјални грижи, просвета,) и однос на државните органи спрема тие организации;

5) познавање на прописите за службениците на државната администрација;

6) познавање на прописите за социјалното осигурување.

Б. За приправниците за звањето референт

1) Државно уредување (Устав, Уставен закон, Закон за народните одбори, прописи за организацијата и делокругот на државните органи и установи);

2) Прописи за управувањето со стопанските организации и за односот на државните органи спрема стопанските организации;

3) Прописи за самоуправувањето на општествените служби и нивната организација;

4) Прописи за судовите, државната арбитража, јавното правобранителство и јавното обвинителство;

5) Општо управна постапка и Законот за управните спорови;

6) Начела на кривичната и граѓанската постапка;

7) Прописи за работните односи, за службениците на државната администрација и за социјалното осигурување;

8) Основни стопански прописи — особено оние со управен карактер;

9) Меѓународно приватно право (основни поими).

Член 13

Посебниот дел на управниот испит опфаќа стручни предмети и прописи за организацијата на службата во која е службеникот запослен, како и законодавството што се применува во дотичната служба.

Посебниот дел на програмата на управниот испит го определуваат:

1) за службата на приходите — сојузниот Државен секретар за работи на народното стопанство;

2) за царинската служба — директорот на Управата за царини;

3) за криминалистичката и управно-правната служба во ресорот на внатрешните работи — сојузниот Државен секретар за внатрешни работи;

4) за управната служба на поморскиот и речниот сообраќај директорот на Управата за поморски и речен сообраќај;

5) за земјишно-книжните референти — републичкиот секретар за правосудна управа;

6) за службите на инспекциите — надлежниот сојузен државен секретар;

7) за другите служби — сојузниот Државен секретар за работи на општата управа и за буџет.

Член 14

Програмата на правосудниот испит опфаќа:

1) Државно уредување (Устав, Уставен закон, Закон за народните одбори, прописи за организацијата и делокругот на државните органи и установи);

2) Прописи за управувањето со стопанските организации и за односот на државните органи спрема стопанските организации;

3) Прописи за самоуправувањето со општествените служби и за нивната организација (здравствени, социјални грижи, просвета);

4) Прописи за управните спорови;

5) Кривично право со кривичното законодавство;

6) Кривична судска постапка;

7) Граѓанско право (општ дел, стварно право, облигационо право, наследно право);

8) Фамилијарно право (брачно право, старателско право, однос на родителите и децата, усвојување);

9) Стопанско право;

10) Менично и чековно право;

11) Граѓанска судска постапка ( парнична, вонпарнична и извршна);

12) Трудово право;

13) Меѓународно право (основни поими).

Член 15

Испитот е писмен и устен.

На писмениот испит на кандидатот му се дава да реши некој од посложените предмети од праксата на соодветната служба (изработка на пресуда или некој елаборат, изработка на нацрт на некоја одлука, решение и сл., спрема дадените му списи).

Задачата треба а се одбере и состави така што да може да се провери дали кандидатот сестрано ја познава дотичната служба и како ги применува прописите на конкретните случаи.

При изработката на писмената задача кандидатот може да се користи само со законски текстови.

Член 16

По завршениот испит комисијата го оценува успехот на целокупниот испит.

Оценките се: „положил" и „не положил".

Кандидатот го положил испитот ако за тоа гласа мнозинство од членовите на комисијата.

Кандидатот што не го положил испитот може повторно да го полага по шест месеци. Ако ни тогаш не го положи испитот може да го повтори само уште еднаш, и тоа по истекот на една година од второто полагање на испитот.

Уверението за положениот испит го издава испитната комисија. Уверението го потпишува претседателот и секретарот на комисијата.

Приправникот кој ни по трет пат не ќе го положи испитот се распоредува, ако се согласи со тоа, во канцелариската служба или му се откажува службата.

**4. Испитни комисии**

Член 17

Испитните комисии за полагање на управниот испит се формираат кај следните органи:

1) за приправниците во управно-правната и буџетската служба кај државниот секретаријат за работи на општата управа и за буџет.

2) за приправниците во службата на приходите — кај државниот секретаријат за работи на народното стопанство;

3) за приправниците во царинската служба — кај Управата за царини;

4) за приправниците во криминалистичката и управно-правната служба на ресорот за внатрешни работи — кај државниот секретаријат за внатрешни работи;

5) за приправниците во инспекциските служби — кај соодветниот државен секретаријат;

6) за приправниците во управната служба на поморскиот и речниот сообраќај — кај Управата за поморски и речен сообраќај;

7) за приправниците што работат во судовите на работите во врска со водењето на земјишните книги — кај државниот секретаријат за правосудна управа.

Испитна комисија за полагање на правосудниот испит се формира кај државниот секретаријат за правосудна управа.

Член 18

Со решението од надлежниот државен секретар можат испитните комисии за службениците со средна спрема да се формираат и во поголеми центри при народните одбори. Пред овие комисии ќе полагаат стручен испит не само приправниците вработени во администрацијата на дотичните народни одбори туку и приправниците вработени кај други државни органи и установи на определено подрачје.

Член 19

Испитната комисија пред која ќе се полага испитот за звањето пристав се состои од: претседател, два члена и секретар (записничар), а испитната комисија пред која ќе се полага испитот за звањето референт — од претседател, четири члена и секретар.

Претседателот, членовите на комисијата и нивните заменици, како и секретарот на комисијата го именува од редовите на истакнатите стручњаци надлежниот државен секретар; за службениците на поморството и речниот сообраќај — директорот на Управата за поморски и речен сообраќај; а за службениците во царинската служба — директорот на Управата за царини.

Испитните комисии можат да се пополнуваат и со потребен број испитувачи за поодделни предмети.

Член 20

На членовите на испитната комисија и на секретарот како и на испитувачите им припаѓа хонорар кога учествуваат во работата на комисијата.

На службениците кога полагаат испит вон местото на службувањето им припаѓа надокнада на патните трошоци само при првото полагање на испитот. Ако службеникот неоправдано се откаже од испитот, нема право на надокнада на патните трошоци.

Член 21

Стручните испити се полагаат, по правило, во март и октомври, а по потреба можат да се определат и други срокови.

## III. ОДДЕЛНИ СТРУЧНИ ИСПИТИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ ВО ВИШЕ ЗВАЊЕ

Член 22

Службениците во звањето пристав кога ќе наполнат две години служба во XII платен разред, се здобиваат со правото да полагаат одделен стручен испит за унапредување во звањето референт (чл. 23 од основната уредба).

По исклучок, полагањето на одделниот испит може да се одобри и порано, без обзир на платниот разред, ако службеникот се истакнува со стручна способност и ако има најмалку осум години служба (чл. 25 од основната уредба).

Предлогот да се одобри полагање на одделниот испит по претходниот став треба да се образложи со податоци од кои може да се оцени стварната способност на службеникот (работни места на кои бил службеникот и во кои организациони единици, какви задачи добивал и со каков успех ги извршувал и др.).

Одобрението за полагање на одделниот иппит по претходниот став го дава комисијата пред која се полага испитот.

Член 23

Одделниот стручен испит за унапредување во више звање се полага пред комисиите што за поодделни служби ги определуваат органите од чл. 19 ст. 2 во согласност со државниот секретар за работи на општата управа и за буџет.

Член 24

На одделниот стручен испит за унапредување во више звање се проверува стручната способност на службеникот и оценува дали заслужува да се унапреди во више звање.

На испитот на кандидатот му се дава за писмена задача да реши еден или повеќе практични случаи од областа на службата во која е запослен односно работите што ги врши.

На службениците што се запослени во службите за кои е потребна стручна спрема на техничките струки комисијата може на кандидатот да му даде задача која ќе ја обработи во срок од 1, 2 или 3 месеци.

На усниот испит на прашањата од членовите на комисијата кандидатот дава потребни образложенија и објаснениј во врска со прашањето што го обработувал

Членовите на комисијата можат на службеникот да му постават и други прашања од областа на неговата служба се додека не ќе се убедат доволно во стварната способност на кандидатот.

По завршеното усно испитување комисијата го оценува успехот на целокупниот испит на начинот предвиден во чл. 16 од овој правилник.

Член 25

Кандидатот што не ќе положи испит може да го повтори уште двапати во паузи најмалку од две години.

Член 26

По положениот испит службеникот се унапредува во звањето референт и се распоредува во XI платен разред.

## IV. ПРИЗНАВАЊЕ СРЕДНА ИЛИ ВИША СТРУЧНА СПРЕМА НА СЛУЖБЕНИЦИТЕ ШТО НЕМААТ СООДВЕТНА ШКОЛСКА СПРЕМА

Член 27

На управните службеници може во смисла на одредбата од чл. 9 ст. 2 од основнита уредба да им се признае виша стручна спрема ако во постапката, по одредбите од овој правилник, се утврди дека располагаат со потребна стручна пракса и способност за вршење работи во определената служба, под услов да го положат одделниот стручен испит.

Под истите услови може да им се признае стручна спрема (средна или виша) во смисла на одредбите на чл. 9 од основната уредба и на лицата што при приемот во службата по чл. 10 од истата уредба се назначуваат за управни службеници, ако биле порано запослени во такви служби (во стопанството, општествените служби и организации, во канцелариска, извршна или некоја друга служба) во кои можеле да се здобијат со потребна пракса и способност за вршење работи во определена служба.

Член 28

Средна односно виша стручна спрема по одредбата од претходниот член може да се признае во службите: управно-правна, буџетска, служба на приходите, во царинската и криминалистичката служба, како и во службите на инспекциите.

Член 29

Стручна спрема (средна или виша) признаена по одредбите од овој правилник може да служи како стручна квалификација само за една служба од споменатите во претходниот член.

Член 30

Стручна спрема по одредбите од овој правилник може да им се признае само на оние службеници што не се во можност да се здобијат со виша школска квалификација дополнително, со обзир на годините на возраста или на функцијата што ја вршат, а со својата работа и постигнатите резултати во службата докажале дека можат со успех да ги вршат во определената служба работите на звањето за кое се бара поголема школска квалификација од онаа што ја имаат.

Органите од чл. 4 на овој правилник можат, во согласност со сојузниот Државен секретар за работи на општата управа и за буџет, да донесуваат поблиски одредби за условите од претходниот став.

Член 31

Предлог за признавање стручната спрема во смисла на чл. 9 од основната уредба поднесува старешината надлежен за назначување до стручната комисија од чл. 32 на овој правилник.

Предлогот што ќе се поднесе до стручната комисија треба да се образложи подробно. Покрај другите податоци, предлогот треба да содржи задолжително и податоци:

1) за школските квалификации на службеникот (школи, курсеви, испити);

2) во кои служби и на кои должности бил од 1945 година, односно од влегувањето во служба;

3) кои звања имал од 1947 година и кои работи вршел претежно;

4) какви позначителни задачи добивал и дали има стручни работи од областа на службата за која треба да му се признае стручната спрема;

5) податоци за должност на која се наоѓа сега и за знаењето на странски јазици.

Со предлогот се приложува и персоналното досие на службеникот (персонален лист со сите прилози).

Член 32

За предлозите за признавање средна односно виша стручна спрема одлучуваат одделни стручни комисии што се формираат за таа цел, по потреба, за поодделни служби.

Членовите на комисијата ги именува државниот секретар за работи на општата управа и за буџет по предлог од органот по чл. 19 ст. 2 од овој правилник.

Кога одделната стручна комисија ќе утврди дека предлогот за признавање стручна спрема од определен ранг е оправдан, ќе одобри полагање испит и ќе го определи скорот за полагање, кој не може да биде покус од три месеци.

Член 33

Службениците на кои им е одобрено да полагаат испит, испитот го полагаат пред комисијата од претходниот член.

Член 34

Програмата на испитот за признавање средна и виша стручна спрема ја определува стручната комисија пред која се полага испитот.

Програмата на испитот за признавање средна стручна спрема, по правило, треба да и' одговара на програмата определена за приправниците со средна спрема во соодветните служби.

Програмата на испитот за признавање виша стручна спрема треба да ги опфаќа основните (главните) теоретски предмети од областа на односната служба, како и позитивното законодавство што се применува во таа служба.

Во одлуката со која се одобрува полагањето на испитот, комисијата од чл. 32 е должна програмата на испитот да ја определи така што да ги цитира подробно сите предмети што треба службеникот да ги полага.

По положениот испит комисијата му издава на службеникот свидетелство за признавање средна односно виша стручна спрема. Во свидетелството задолжително се назначува и службата за која се признава таа спрема.

Член 35

Службеникот на кој му е признаена средна или виша стручна спрема за една од службите од чл. 28, па таа служба ја напушти и премине во друга, го губи правото на звањето со кое се здобил по тој основ, спрема решението за признаената средна или виша стручна спрема.

V. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ

Член 36

Службениците што се преведени или назначени во звањето референт, а немаат виша стручна спрема, се сметаат како референти со средна стручна спрема.

Член 37

Ќе се смета дека на службениците што до донесувањето на овој правилник се преведени или назначени во звањето пристав или референт, а немаат средна стручна спрема, со самото решение за преведување или назначување во звањето пристав или референт им е признаена средна стручна спрема, но само за службата во која се затечени на денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Исто така ќе се смета дека на службениците што се преведени или назначени во звањето виши референт, а немаат виша стручна спрема, со решението за преведување или назначување во звањето виши референт им е признаена виша стручна спрема за службата во која се затечени на денот на влегувањето во сила на овој правилник.

Член 38

На службениците на кои им е признаена стручна спрема само за една определена служба може да им се признае таа спрема и за службата во која преминуваат. Решение за тоа донесува комисијата од чл. 32 на овој правилник.

Член 39

Управните службеници што не положиле испит по Уредбата за задолжително полагање стручни испити, ќе го полагаат испитот по програмата предвидена во овој правилник за звањето пристав односно референт.

Член 40

Упатства за спроведување на овој правилник ќе издава сојузниот Државен секретар за работи на општата управа и за буџет.

Член 41

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 2436
22 декември 1953 година
Белград

Претседател на Персоналната комисија
на Сојузниот извршен совет,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

---

5.

Врз основа на чл. 50 од Основната уредба за платите и платите на службениците на државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52) и точ. 13 од Одлуката за времено определување делокругот на одборите и комисиите на Сојузниот извршен совет и за организација на неговата администрација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53), Персолната комисија на Сојузниот извршен совет пропишува

## УПАТСТВО
### ЗА ХОНОРАРНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ

1) Хонорани службеници се лицата што, по правило, времено се земаат на служба за извршување определени работи за определена награда.

Лицата што работат на работните места од редовните службеници со полно работно време, задолжително се назначуваат за редовни службеници ако ги исполнуваат законските услови за назначување.

По исклучок, на работните места предвидени со систематизацијата за редовни службеници, можат да се назначуваат хонорарни службеници само во случаи на вонредно наголемување на работите.

2) Редовен службеник може да биде примен за хонорарен службеник кај друго надлештво или установа само по одобрение од старешината на надлештвото односно установата во која е запослен како редовен службеник.

На службениците на државни органи не може да им се одобри хонорарна работа во установите, претпријатијата и организациите над кои вршат надзор тие органи.

Во исто надлештво или установа може да се ангажира редовен службеник да работи за определен хонорар само во случаите од чл. 16 од Законот за државните службеници, или како предавач на курсот, односно како член на испитната комисија.

3) На лице на кое државната служба му е редовно занимање може да му се одобри ра работи како хонорарен службеник само вон редовното работно време.

Надлежниот старешина може да му одобри на службеникот да работи во други установи во редовното работно време само ако таа работа не може да се врши вон редовното работно време (предавања на факултет и сл.).

4) Приемот на лицата во служба на државните органи во својство на хонорарен службеник се врши со договор.

5) Со договор за хонорарната служба треба особено да се регулира:

а) кои работи хонораниот службеник ќе врши;

б) колку ќе трае хонорарната служба;

в) работно време;

г) висината на хонорарот.

Со договорот за хонорарна служба можат да се определуваат и подолги отказни срокови од оние што се предвидени во Уредбата за распоредување на службениците во врски и за отказните срокови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 38/52).

6) Ако лице на кое државната служба му е редовно занимање времено се ангажира да изврши некоја определена работа (испитни комисии и сл.), хонорарот може да се определи и со решение од надлежниот старешина.

7) Хонорарот може да се определи паушално во месечен износ или по час.

8) На постојаните хонорарни службеници висината на месечниот хонорар им се определува според работите и стварното работно време, но најповеќе до износот што би го имал таков службеник како редовен службеник.

На високите стручњаци може да им се определи и поголем хонорар, но само по одобрение од органот на народниот одбор надлежен за буџет односно државниот секретар за работи на општата управа и за буџет.

9) Хонорарот по час се определува за предавачите на курсеви, за членовите на испитните комисии и во други слични случаи.

Висината на хонорарот се определува во согласност со органот на народниот одбор надлежен за буџет односно државниот секретар за работи на општата управа и за буџет.

Во службите во кои испитите се одржуваат преку целата година или во текот на годината траат подолго време, на членовите од испитните комисии и на записничарот може да им се определи хонорар во паушален износ.

10) Висината на хонорарот за работа на стенографите и преводачите се утврдува со спогодба.

11) Хонорарните службеници ги прима во служба и решава за висината на хонорарот и за отказот на службата старешината на надлештвото односно установата.

12) Одредбите од ова упатство не важат во погледот на определувањето на хонорари во просветно-научната служба.

13) Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 2435
26 декември 1953 година
Белград

Претседател на Персоналната комисија
на Сојузниот извршен совет,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

**6.**

Врз основа на чл. 30 од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 14/52), во врска со точ. 13 од Одлуката за времено определување делокругот на одборите и комисиите на Сојузниот извршен совет и за организација на неговата администрација („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53), а во согласност со Персоналната комисија на Сојузниот извршен совет пропишувам

## ПРАВИЛНИК

### ЗА ИЗМЕНИ И ДОПОЛНЕНИЈА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗВРШНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ ВО РЕСОРОТ НА ВНАТРЕШНИТЕ РАБОТИ

Член 1

Членот 6 од Правилникот за извршните службеници во ресорот на внатрешните работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/52) со измените и дополненијата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8 и 40/53) се менува и гласи:

„Звањата на извршните службеници во ресорот на внатрешните работи се распоредуваат во следните платни разреди:

— звањето извршен пристав, од XVII до XI платен разред;

— звањето криминалистички техничар, од XVII до XII платен разред;

— звањето стражар, од XVIII до XV платен разред;

— звањето постар стражар во XV и XIV платен разред;

— звањето надзорник на стража во XIII и XII платен разред;

— звањето заповедник на стража од XII до VIII платен разред."

Член 2

Членот 7 се менува и гласи:

„За извршните службеници во ресорот на внатрешните работи постојат по три периодски повишици во XIV, XII, XI и VIII платен разред, а за звањето стражар четири периодски повишици во XV платен разред.

Периодските повишици изнесуваат: во VIII платен разред 600 динари, во XI платен разред 500 динари, а во XII, XIV и XV платен разред 400 динари месечно.

Периодските повишици се даваат по службена должност по секои три години ефективна служба."

Член 3

По членот 20 се додава нов член 20а кој гласи:

„Извршните службеници во звањето стражар ќе се распоредат во платните разреди од чл. 6 на овој правилник според времето проведено во службата што по одредбите од Основната уредба за звањата и платите на службениците на државните органи им се смета за напредување."

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 17348
22 декември 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

Согласен,
Претседател на Персоналната комисија
на Сојузниот извршен совет,
**Вељко Зековиќ**, с. р.

**7.**

Врз основа на чл. 32 од Уредбата за книговодството на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/53), пропишувам

## УПАТСТВО

### ЗА ПРИМЕНА НА КОНТНИТЕ ПЛАНОВИ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

#### А. ОПШТИ НАЧЕЛА

1. Стопанските претпријатија и дуќани ги водат работните книги по начелата на двојното книговодство. По исклучок, во смисла на чл. 6 ст. 4 од Уредбата за книговодството на стопанските организации, занаетчиските и угостителските дуќани со мал вкупен приход го водат книговодството по начелата на едноставното (просто) книговодство.

2. Народниот одбор на околијата (градот) определува:

а) кои стопански организации се сметаат за помали, во смисла на чл. 6 ст. 3 од уредбата;

б) кои занаетчиски и угостителски дуќани се сметаат за дуќани со мал вкупен приход, во смисла на чл. 6 ст. 4 од уредбата.

Одлуки во погледот на категоризацијата на стопанските организации во смисла на претходниот став, народниот одбор на околијата (градот) доне-

сува на почетокот на годината и не може да ги менува во текот на годината.

3. Сите стопански организации што народниот одбор не ги прогласил за помали во смисла на чл. 6 ст. 3 од уредбата, задолжително го водат своето книговодство спрема единствениот основен контен план.

Стопанските организации што се еднаш прогласени за помали, ги водат своите книговодства спрема скусениот контен план се' додека народниот одбор на околијата (градот) не ќе ги прогласи за средни односно поголеми стопански организации.

Сите дуќани, освен занаетчиските и угостителските дуќани со помал вкупен приход, задолжително го применуваат скусениот контен план.

4. Книговодството на стопанските организации се води во работните книги, по начелата на едноста, и тоа така што:

а) од нив да може да се утврди вкупното пословање на стопанската организација расчленето по поодделни работни промени, по хронолошки ред и во бруто износи без пребивање;

б) книгите да бидат испишани со мастило, мастилен молив или со машина, со директно запишување или со копирање;

в) во книгите да не се оставаат празнини, туку по хронолошки ред да се исполнува сиот празен простор за книжење;

г) еднаш извршено запишување да не смее да се брише а, по правило, ни да се прецртува, но ако сепак се врши тоа, мора јасно да се види првобитниот текст;

д) да не се вршат никакви измени за кои не би можело да се утврди дали се сторени при првото книжење или подоцна;

ѓ) неповрзаните листови од работните книги да не смеат да се уништуваат ниту од врзаните книги да се ваѓаат листовите;

е) сите книжења да мораат да се засниваат врз книговодствени документи од кои може да се утврди основот за книжење.

5. Извршените работни промени се засниваат, по правило, врз писмената, како што се: купопродавни договори, заклучници, наредби или налози за нивното извршување, што ги заклучуваат односно издаваат соодветните органи во претпријатието. Писмените наредби и налози можат и самите, во моментот кога настанала работната промена, да станат документи за правдање, како што е тоа случај кај налозите за исплата, требувањата на материјали и слично, на кои е потврдено извршувањето на налозите. Врз основа на налозите и наредбите по кои не се извршени работни промени, не се вршат книжења. Само оној документ на кој е утврдено на определен начин извршувањето на работната промена, се смета како документ за книжење. Но, писмен налог што стопанската организација им издава на лица вон претпријатието, може веќе во моментот на неговото издавање и предавање да претставува за претпријатието доказ за извршената работна промена, и спрема тоа документ за книжење (вирмански налог за исплата, вирмански налог за наплата, издадена фактура, влечен чек и сл.).

6. Покрај документите за правдање, на кои се утврдени станатите работни промени, како основ за книжење можат да служат и такви книговодствени документи што врз основа на документите за правдање се составуваат во самата стопанска организација со цел за олеснување и подобра прегледност на книжењата на работните промени. Во такви документи спаѓаат: благајнички налози, примопредавни налози, рекапитулации, бордероа и сл.).

Во книговодствени документи спаѓаат исто така и налозите за книжењата на исправките (сторна) на погрешно извршените книжења, што се потпишуваат на порано прокнижените налози и документи за правдање што биле погрешно прокнижени. Тука спаѓаат и други налози што се издаваат во книговодството а се потпишуваат на прописите што постојат како на пр., книговодствени налози за книжење трошоците и расходите и приходите што се разграничуваат временски.

7. Документот за правдање, за да може да биде основа за книжење, треба да биде составен навремено, по правило, во моментот кога станала промената, и мора да содржи:

а) назив на стопанската организација со адреса, или назив на одделението што го издало документот;

б) назив на документот („налог за исплата", „налог за примање материјали", „требување материјали", „фактура" и сл.);

в) датум на издавањето на документот;

г) имиња на лицата што учествуваат во извршувањето на работната промена до која се однесува документот;

д) содржина на работната промена и основ за нејзиното извршување;

ѓ) количини изразени на начинот што и' одговара на природата на извршената работа (килограми, метри итн.) и износи изразени во динари;

е) потписи на лицата што се овластени за потпишување такви документи.

Другите состоини се определуваат индивидуално за поодделни видови документи, спрема карактерот на односните операции.

8. Документите мораат да бидат испишани со мастило, мастилен молив или со машина, и тоа директно или со копирање, а можат да бидат и фотокопии.

Кога документите се издаваат во повеќе примероци, мора на видлив начин да се означи кој примерок служи како основ за книжење. Ако поради поделбата на работата во книговодството, како основ за книжење покрај оригиналот служи и една или повеќе копии (на пр.: кај методот на работата со повеќе дневници, ако еден налог се издава копиран во два примерка, и тоа еден за книжење на контото што треба да се задолжи, вториот за книжење на контото што треба да се одобри, и сл.), мора на секој примерок да се означи неговата цел.

9. Во документите, како во текстот така и во броевите, не смеат да се вршат ни исправки ни преправки ни бришења што би ја доведеле во сомнение исправноста на документите.

Евентуалните исправки на грешки во документите се вршат на тој начин што ќе се прецрта првобитниот текст или износ и се запишува нов, исправен текст или износ над прецртаниот.

Прецртувањето се врши со тенка линија, за да може да се прочита првобитниот текст.

Покрај исправената грешка во документот за правдање мора да биде одделно ставен зборот „исправил" и исправката потврдена со потпис (параф) од лицето што е овластено за потпишување на односниот документ, со датумот на извршувањето на исправката.

Налозите на благајната и банката на кои се сторени грешки при издавањето во претпријатието, по правило, не смеат да се исправуваат, туку мораат да се поништат и да се издадат нови.

10. Местата во документите што се предвидени за запишување на текстот односно бројвите, во случаи кога нема потреба да се исполнуваат, мораат да се поништат, по правило, со прецртување. Непосредно зад паричниот износ испишан со букви мора да се стави зборот „динари" односно називот на определената парична единица, а остатокот на празното место наменето за испишување износите со букви, да се поништи со прецртување. Исто така, треба да се поништи и празното место пред паричните износи испишани со цифри.

11. Сите документи што служат како основ за книжење во книговодството, мораат да се испратат до книговодството на начинот и во срокот што ќе ја обезбеди ажурноста на книговодството.

12. Документите за извршени работни промени, пред нивното книжење подлежуваат на претходна контрола, која се состои од проверка на секој документ од формална, сметковна и суштинска страна.

13. По извршената контрола на документот се издава налог за книжење.

Налогот за книжење е писмен акт со кој раководителот на книговодството, односно лицето овластено од него, наредува да се изврши врз основа на провереният документ книжење во работните книги на претпријатието.

Налогот за книжење мора да се издаде на одделни, нарочно за оваа цел подготвени обрасци, или на самите документи за правдање.

Налогот за книжење го потпишува раководителот на книговодството или лицето овластено од него.

Контирањето (определување контата на кои ќе се врши книжењето) во предниот налог се врши спрема содржината на работната промена во форма на прост или сложен став.

Во налозите за книжење, исто така како и при книжењето во работите книги, место да се испишува целиот назив на контото се позволува да се означува контото со бројот од контниот план.

Налозите за книжење, без обзир дали се издаваат одвоено или на самиот документ за правдање, мораат да бидат нумерирани.

14. По истекот на секој пресметковен период сите налози заедно со соодветните документи мораат да се средат и да се стават во одделни фасцикли, во кои мораат да бидат прицврстени на начинот што обезбедува документацијата да не може да се загуби.

На кориците од фасциклата мора да биде испишан: а) назив на претпријатието или одделението, б) назив и реден број на фасциклата (предметот) почнувајќи од почетокот на годината, в) пресметковен период — месец и година, г) почетен и последен број на налозите за книжење ставени во фасцикли.

Налозите за книжење се стават во фасцикли по оној ред како што се нумерирани. Ако постои одвоена нумерација по предметите — налозите се фасцикулираат одвоено, по редниот број на налозите на поодделни предмети. Кога документите за правдање се одвојуваат од налозите за книжење, како на пр. при одвојување документација за правдање по работни налози, по погони или по производи, во фасцикулираните налози за книжење мора да биде означено местото каде се наоѓаат фасцикулираните документи за правдање.

## Б. ПРИМЕНА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА СТОПАНСТВОТО

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА ПРИМЕНА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА СТОПАНСТВОТО

15. Сите стопански организации, освен малите претпријатија и дуќани должни се да ги водат своите книговодства врз основа на единствениот контен план за стопанството.

16. Целокупната дејност на стопанската организација мора да биде опфатена со пропишаните двецифрени основни конта. Не смеат да се отвораат нови двецифрени конта освен пропишаните. Не се отвораат двецифрени основни конта што не и' се потребни на стопанската организација (на пр.: контото „Производство во тек“ (52), не го отвора трговско претпријатие, бидејќи тоа нема производство).

17. Двецифрените основни (синтетички) конта во единствениот основен контен план се расчленуваат во начело по десетичен (декаден) систем, на тој начин што на постоечката ознака на основното (синтетичко) конто и' се додава уште еден број почнувајќи од 0 и натаму до 9. На пр.: основно конто што има ознака 04 (инвестиции во тек) може да се расчлени на натамошни 10 конта со ознака 040, 041, 042... 049. Контата со трицифрена ознака можат да се расчленат на натамошни 10 четирицифрени конта. Така, на пр., контото 042 може да се расчлени на 0420, 0421, 0422... 0429. Натамошното расчленување може да се врши по истиот принцип.

Стопанските организации можат да применат и други методи на расчленување на двецифрени основни конта (на пр.: во форма на дропка во која броителот ќе го означува основното (синтетичко) конто, а именителот аналитичкото конто (на пр.: 04/1 место 041 итн.).

### II. ЕДИНСТВЕН ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА СТОПАНСТВОТО

18. Единствениот основен контен план за стопанството содржи следни задолжителни основни (синтетички) конта групирани на следен начин:

**Класа 0: Основни и издвоени средства**

00 — Основни средства
02 — Банка — издвоени средства
03 — Должници за заеми од слободните средства на фондовите
04 — Инвестиции во тек
09 — Исправка на вредноста на основните средства

**Класа 1 и 2: Финансиски и пресметковни конта**

10 — Благајна
11 — Чекови, валути и девизи
12 — Купувачи
13 — Други побарувања
15 — Исплати на товар на платниот фонд
16 — Односи со погоните и со одделните работни единици
17 — Разни средства
19 — Активни временски разграничувања
20 — Банки
22 — Добавувачи
23 — Други обврски
24 — Обврски за покритие на придонесите на општествената заедница
25 — Остварен платен фонд
28 — Укалкулиран пресметковен платен фонд
29 — Пасивни временски разграничувања

**Класа 3: Запаси на материјали и ситен инвентар**

30 — Материјали на пат и набавка на материјали
31 — Запаси на материјали
35 — Материјали во доработка, обработка и манипулација
36 — Ситен материјал и амбалажа
39 — Исправки на вредноста на материјали

**Класа 4: Трошоци**

40 и 41 — Материјали
42 и 43 — Услуги од други
44 — Амортизација
45 — Придонес на општествената заедница
46 — Пресметковни плати
48 — Сопствени производи и услуги
49 — Распоред на трошоците

**Класа 5: Производство**

52 — Производство во тек
58 — Полупроизводи на сопственото производство
59 — Исправка на вредноста на запасите на недовршеното производство и полупроизводите

**Класа 6: Запаси на готови производи и стоки**

60 — Запаси на готовите производи
64 — Исправка на вредноста на запасите на готовите производи
65 — Набавка на трговски стоки
66 — Запас на трговски стоки
68 — Запас на трговски стоки во продавници
69 — Разлика во цената на трговските стоки

**Класа 7: Реализација**

70 — Трошоци на реализираните готови производи и услуги
71 — Набавна цена на реализираните трговски стоки
72 — Набавна цена на реализираниот материјал и отпадоци
73 — Вонредни расходи
75 — Реализација на готовите производи и услуги
76 — Реализација на трговските стоки
77 — Реализација на материјалите и отпадоците
78 — Вонредни приходи
79 — Распоред на разликата на реализацијата

**Класа 8: Финансиски резултат**

84 — Добивка (губиток)
89 — Добивка на слободно располагање на стопанската организација

**Класа 9: Извори на постојаните средства**

90 — Фонд на основните средства
91 — Долгорочен кредит за довршените инвестиции
93 — Разни фондови
94 — Финансирање на инвестициите
97 — Кредит за постојаните обртни средства

## III СОДРЖИНА НА ПООДДЕЛНИ ОСНОВНИ КОНТА

### КЛАСА 0

**Основни и издвоени средства**

На контото 00 — **Основни средства,** се водат сите основни средства на стопанската организација по набавните цени, односно по цените утврдени со проценка врз основа на посебен пропис.

За секој предмет или група истородни предмети од основните средства задолжително се води аналитичка евиденција. Аналитичката евиденција на основните средства мора да биде групирана на следен начин:

— Градежни објекти:
  — градежни објекти на хидрограбда,
  — градежни објекти на сообраќајот и транспортот,
  — градежни објекти на енергетски преноси и врски,
  — стопански згради,
— Рударски работи и длабочински дупчења,
— Машини, уреди и инсталации,
— Средства за транспортот и за врски,
— Инвентар, крупен алат и инструменти,
— Долгогодишни засади,
— Основно стадо,
— Патенти, лиценци и други права.

Исправките на вредноста на основните средства (книговодствени отписи) се вршат по индиректен метод, на тој начин што за висината на отписот, која и' одговара на висината на амортизацијата за замена се задолжува контото фонд на основните средства (90), а одобрува контото Исправки на вредноста на основните средства (09)

Земјиштето не се евидентира во основни средства по вредноста, но за него се води евиденција за локацијата, големината, катастарскиот приход и сл.

На контото 02 — **Банка — издвоени средства,** се водат паричните средства на наменските фондови уплатени на одделна сметка при банката (средства на амортизациониот фонд, резервниот фонд и други фондови).

На контото 03 — **Должници за заеми од слободните средства на фондовите,** се водат оние должници на кои стопанската организација им дала долгорочен кредит од слободните средства на своите фондови. Аналитичката евиденција се води по должниците.

На контото 04 — **Инвестиции во тек,** се води вредноста на набавките на нови инвестиции и инвестиционн работи во тек, како за новата изградба така и за инвестиционите поправки.

За авансите дадени за поодделни работи или набавки, за секој вид или група набавени материјали и опрема, како и за секоја инвестиционна работа, се води задолжителна аналитичка евиденција. Групирањето на аналитичката евиденција мора да се изврши на следен начин:

— аванси за инвестиции,
— запаси на материјали и опрема,
— инвестиции во тек,
— инвестиционн поправки во тек.

На контото 09 — **Исправка на вредноста на основните средства,** се книжат исправките на вредноста на основните средства, т. е. оној дел на амортизацијата што е определен за замена на дотраените основни средства.

Аналитичката евиденција на ова конто мора да им одговара на групите како е групирана аналитичката евиденција на контото 00.

### КЛАСА 1 И 2

**Финансиски и пресметковни конта**

На контото 10 — **Благајна,** се води готовинскиот промет на стопанските организации. По потреба ова конто може да се расчлени на поодделни благајни кои се водат во стопанската организација (главна благајна, благајна на транспортни трошоци, порто благајна и сл.).

На контото 11 — **Чекови, валути и девизи,** се книжат чековите примени за наплата, потоа валутите и девизите со кои располага стопанската организација. Валутите и девизите се водат по званичен курс, а курсните разлики се книжат на контата временски разграничувања (конто 19 или 29). Ова конто задолжително се расчленува одделно на чекови, одделно на валути и одделно на девизи. Контата на валутите и девизите се расчленуваат уште и по поодделни странски вредности.

На контото 12 — **Купувачи,** се книжат промените во врска со послувањето со купувачи на стоки и услуги. Задолжителна е аналитичка евиденција по поодделни купувачи, додека групирањето на аналитичката евиденција е слободно (на пр.: на купувачи во земјата и на купувачи во странство). Оние купувачи, што се јавуваат само еднаш или многу ретко, можат да се водат на збирното аналитичко конто.

Во рамките на ова конто, а во одвоени групи, се водат спорните и сомнителните побарувања. Спорните и сомнителните побарувања се водат во полн износ. За оној дел на побарувањето за кој се претпоставува дека нема да се наплати, се отвора одделно аналитичко конто во склоп на контото 12, под назив: „Исправка на вредноста на спорните и сомнителните побарувања", на коешто на побарувачната страна се покажува износот на исправката кој се книжи на товар на контото вонредни расходи (конто 73).

На контото 13 — **Други побарувања,** се водат сите други побарувања што по своето значење немаат свое определено место во контниот план (аконтации по службена работа, освен аконтациите за дневници, натаму, кауции и депозити и сл.).

На контото 15 — **Исплати на товар на платниот фонд,** се книжат сите исплати што паѓаат на товар на платниот фонд, без обзир дали се во прашање аконтации или конечни исплати. На товар на ова конто се книжат и исплатите на редовниот придонес за социјално осигурување.

Ова конто мора да се расчлени на аналитички конта на начинот што ќе ја обезбеди правилноста на пресметката на платите со поодделни работници и службеници, како и со заводот за социјално осигурување.

Во текот на годината во корист на ова конто не се вршат никакви книжења, освен евентуални сторна. На крај на годината се пренесува во корист на ова конто, а на товар на контото 25 — Остварен платен фонд, износот за покритие на оној дел на извршените исплати на товар на платниот фонд со соодветниот придонес за социјално осигурување кој се однесува до оствареният вкупен приход (реализација). Притоа евентуалните исплати извршени на товар на платниот фонд во вид на аконтации за недовршеното производство или на запаси на готовите производи останууваат непокривени и се пренесуваат во наредната година. Евентуално може да остане непокривен и делот на исплатената аконтација на товар на платниот фонд од оствареният вкупен приход, ако при реализацијата не е остварен платниот фонд во висината во која е претходно исплатен.

На контото 16 — **Односи со погоните, и со одделните работни единици,** се книжат сите работни промени на стопанската организација во однос со нејзините издвоени погони и другите работни единици, ако за такви погони или единици се водат издвоени книговодства.

Задолжително треба да се отвори одделна аналитичка евиденција за секоја издвоена погонска или работна единица.

На контото 17 — **Разни средства,** се книжат сите други средства што по своето значење немаат свое определено место во контниот план (на пр.: меници, хартија од вредност и сл.).

На контото 19 — **Активни временски разграничувања,** се водат аналитички по видовите на разграничувањата платените материјални трошоци спроти пресметаните, станатите ризици спроти пресметаните, а на крајот на годината однапред платените материјални трошоци и ненаплатените приходи.

На ист начин контото 29 — **Пасивни временски разграничувања,** се книжат пресметаните материјални трошоци спроти платените, пресметаните ризици спроти станатите, а на крајот на годината неисплатените материјални трошоци и однапред наплатените приходи.

Стопанските организации можат да ги водат како активните така и пасивните временски разграничувања место на упоредните (паралелните) конта (19 и 29), само на контото 19, со тоа што во билансот да ги искажуваат одвоено активните од пасивните временски разграничувања и да не ги пребијаат ако не се од иста содржина.

На контото 20 — **Банки,** се води текуштата сметка на редовното пословање со банката. По потреба ова конто се расчленува на аналитички конта на начинот како е извршено расчленување при банката. На ова конто се водат односите со сите банки, ако стопанската организација има врски со повеќе банки.

На контото 22 — **Добавувачи,** се книжат сите промени во врска со пословањето со добавувачи на стоки и услуги. Аналитичките конта на добавувачите можат претпријатијата да ги групираат спрема своите потреби (на пр.: добавувачи во земјата и добавувачи во странство). Одделно аналитичко конто се отвора за примените нефактурирани стоки и услуги.

На контото 23 — **Други обврски,** се книжат расчленето по аналитичките конта на поверителите, сите други обрвски што по своето значење немаат свое определено место во контниот план (на пр.: обврски за запрените износи врз основа на судски пресуди и други запирања од плати, како и примени кауции и сл.). Задолжителни аналитички конта се отвораат за обврските спрема амортизациониот фонд, за укалкулираната односно пресметаната амортизација, за ануитети за долгорочен кредит, како и преодни односи со заводот за социјално осигурување (на пр.: непосредна исплата на детскиот додаток преку банка и сл.).

На контото 24 — **Обврска за покритие на придонесите на општествената заедница,** се книжат аналитички расчленето следните обврски:

— каматите на основните средства,
— каматите на постојаните обртни средства,
— данокот на промет,
— земјаринатa,
— сојузниот и републичкиот данок на добивката,
— данокот на монополската добивка,
— делот на добивката на околијата (градот), односно градската општина,
— обврски за запрените даноци,
— други обврски спрема општествената заедница.

За секоја обврска за покритие на придонесите на општествената заедница стопанската организација е должна да го означи денот на доспевањето на обврската (валутирање).

На контото 25 — **Остварен платен фонд,** се книжи на крајот на секој пресметковен период оној дел на платите остварени во тој период што е наменет за исплата заедно со соодветниот редовен придонес за социјално осигурување.

Ова конто се одобрува:

а) за делот на пресметковниот платен фонд од остварениот вкупен приход (реализација) со соодветниот редовен придонес за социјално осигурување, на товар на контото 28;

б) за наголемување платниот фонд од добивката со соодветниот придонес за социјално осигурување, на товар на контото 89;

в) за укалкулираниот пресметковен платен фонд на оние стопански организации при кои остварениот пресметковен платен фонд е еднаков со укалкулираниот, заедно со соодветниот придонес за социјално осигурување, на товар на контото 46 (трговски претпријатија и дуќани, разни услужни претпријатија и дуќани што немаат недовршено производство и готови производи на запас);

г) доколку трговските стопански организации не ќе го остварат пресметковниот платен фонд со примена на определениот процент на вкупниот остварен промет, му го одобруваат на ова конто само намалениот износ на остварениот пресметковен платен фонд со соодветниот редовен придонес за социјално осигурување, кој, меѓутоа, се пресметува како да е остварен полн пресметковен платен фонд.

Ова конто се задолжува:

а) за намалувањето платниот фонд поради остварен губиток што не можел да биде покривен од резервниот фонд ниту од друг извор;

б) на крај на работната година, за покритие на исплатените плати, за износот на салдото од ова конто, во корист на контото 15. Со тоа ова конто, по правило, се затвора. Но, на ова конто може да останува салдото за остварените плати што уште не се исплатени со соодветниот дел на придонесот за социјално осигурување.

Во корист на контото 28 — **Укалкулиран и пресметковен платен фонд,** се книжи, по правило, на крајот на пресметковниот период износот на платите што се внесува како трошок на работата, а врз основа на дефинитивната пресметка на платите по тарифните ставови на стопанската организација. Овој износ се книжи на товар на контото 46. Доколку на крајот на периодот се јават отстапувања помеѓу износот пресметан врз основа на тарифните ставови на стопанската организација и износот на пресметковниот платен фонд пресметан врз основа на фактичното време проведено на работа и просечните пресметковни плати, книжењата на вакви отстапувања се вршат на начинот како што е тоа објаснето кон контото 46.

На крајот на пресметковниот период на товар на контото 28, а во корист на контото 25, се книжи оној дел на пресметковните плати што се остварени со вкупниот приход (реализацијата). Со книжењето на платите преку ова конто е врзано секогаш и книжењето на соодветниот редовен придонес за социјално осигурување.

Трговските стопански организации и други стопански организации што на крај на пресметковниот период немаат непресметани плати, не го употребуваат контото 28, туку книжењата на укалкулираните и остварените пресметковни плати ги вршат непосредно на контата 46 и 25 (види го објаснението кај контото 25).

На контото 29 — **Пасивни временски разграничувања.** Функцијата на ова конто е објаснета кај контото 19 — Активни временски разграничувања.

## КЛАСА 3

### Запаси на материјали и ситен инвентар

На контото 30 — **Материјали на пат и набавка на материјали,** се води задолжително материјалот на пат, а незадолжително и набавката на материјали. Ако на ова конто се води и набавка на материјали, тогаш треба за набавките да се отвори одделно налитичко конто. На аналитичкото конто набавка на материјали се книжат само оние набавки за кои пред книжењето на контото 31 е потребно да се формира цената, било фактична франко складиште или постојана (планска) цена.

Ако запасите на материјалите се водат по постојаните цени, разликите помеѓу фактичните и постојаните цени се прекнижуваат во корист или на товар на контото 39.

Сопствените услуги што ги врши стопанската организација околу набавката на материјали, мораат да се книжат преку контата од класата 4. Ако таквите услуги ја товарат набавната цена на материјали во класата 3, при утрошокот на материјалите износот на услугите се книжи преку контото 48 на начинот како што е тоа објаснето кон ова конто.

На контото 31 — **Запаси на материјали,** се водат запасите на суровини, помошни материјали, набавени полупроизводи и делови, задолжително расчленето по видовите на материјалите, но согласно групирано спрема потребите на стопанската организација (на пр.: суровини, помошни материјали, гориво, отпадоци, стари материјали и сл.). Запасите на материјали можат да се водат по набавната цена или по постојаната цена.

На контото 35 — **Материјали во доработка, обработка и манипулација,** се книжат сите материјали што се испраќаат на доработка, обработка и манипулација до други стопански организации.

При враќањето на материјалите по извршената доработка, обработка и манипулација, се одобрува ова конто, а се задолжува контото 31 непосредно или посредно преку контото 30, ако стопанските организации ги водат материјалите по постојаните цени.

На ова конто се книжи и помала сопствена доработка и манипулација. Сопствените услуги што ги врши стопанската организација околу доработката и манипулацијата на материјали, мораат да се книжат преку контата од класата 4. Ако таквите услуги ја товарат набавната цена на материјалите во класата 3 при утрошокот на таквите материјали износот на услугите се книжи преку контото 48 на начинот како што е тоа објаснето кон тоа конто. Ваков начин на книжење доработка, обработка и манипулација обично вршат угостителските и трговските стопански организации.

Стопанските организации што доработуваат, обработуваат и манипулираат стоки, при враќањето на доработените стоки го товарат соодветното конто во класата 6 на начинот како што е објаснето за книжење набавките на тие конта.

На контото 36 — **Ситен инвентар и амбалажа,** се води ситниот инвентар и онаа амбалажа која не се смета за основно средство. Задолжително аналитичко расчленување се врши по видовите на инвентарот и амбалажата. Аналитичката евиденција може да се групира на ситен инвентар или амбалажа на запас и ситен инвентар или амбалажа во експлоатација, потоа на авто-гуми итн.

Книжењето на утрошкот на ситниот инвентар се врши на еден од следните начини:

а) При ставањето во употреба на ситниот инвентар се отпишува веднаш 50% од набавната цена на товар на трошоците во класата 4 а преостанатите 50% се отпишуваат при расходувањето на ситниот инвентар. Во тој случај треба во рамките на синтетичкото конто 36 да се водат за ситниот инвентар 2 аналитички конта, и тоа ситен инвентар на запас и ситен инвентар во експлоатација. Ситниот инвентар во експлоатација се води по вредноста која изнесува 50% од набавната цена.

б) Во рамките на ова конто се отвора аналитичко конто исправки на вредноста на ситниот инвентар, амбалажа и авто-гуми. Врз основа на проценката на траењето на ситниот инвентар, амбалажата и авто-гумите кај кои треба да се земаат во обзир и трошоците на поправките, а со тоа во врска и продолжувањето на срокот на траењето во употреба, се определува процентот на месечниот калкулативен отпис на инвентарот, амбалажата и автогумите.

Врз основа на утврдениот процент се одобрува месечниот калкулативен отпис на ситниот инвентар, амбалажата и авто-гумите во корист на ова аналитичко конто, а на товар на соодветното конто на трошоците од класата 4.

На товар на аналитичкото конто исправки на вредноста се книжат расходуваните делови на ситниот инвентар, амбалажата и авто-гумите што станале неупотребливи, и тоа по набавните цени, а во корист на соодветното аналитичко конто на ситниот инвентар, амбалажата и авто-гумите во ова синтетичко конто.

Поправките на ситниот инвентар, амбалажата и авто-гумите се книжи исто така на товар на ова конто.

Начинот на книжењето на ситниот инвентар и амбалажата изнесен во оваа точка обично се применува кај трговските и угостителските стопански организации. Угостителските стопански организации од 1 јануари 1954 година водат голем дел од ситниот инвентар како основни средства, при што мораат да водат сметка таквиот инвентар да се отпишува на ист начин како и другите основни средства.

в) Ситниот инвентар со срок на траење покус од една година, но со поголема вредност при давањето во експлоатација се книжи преку контото 19 — Активни временски разграничувања, а временското отпишување се врши преку контото 29 — Пасивни временски разграничувања.

На исти начин, преку контото 19 и 29 се врши и книжењето на ситниот инвентар што е наменет само за определена серија производи или за неколку серии едноподруго.

г) Стопанската организација може да установи список на ситниот инвентар кој може да се отпише веднаш со полната вредност.

На контото 39 — **Исправки на вредноста на материјали,** се книжат отстапувањата од постојаните цени на материјалите евидентирани на контата 31 до 36.

Контото 39 може да има на крај на пресметковниот период долговно или побарувачно салдо. Стопанската организација го пренесува на крај на пресметковниот период делот на таквото салдо што му одговара на потрошениот износ на материјалите во тој период на товар или во корист на контото на материјалите во класата 4 (конто 40). Истиот износ се пренесува натаму на товар или во корист на контото 59 — Исправки на вредноста на запасите на недовршеното производство и полупроизводите, со истовремено одобрување односно задолжување на контото 49 — Распоред на трошоците.

При пренесувањето на вредноста на довршеното производство од контото на класата 5 на контото 60 се отпишува и соодветниот износ на отстапувањето од постојаните цени на материјалите на товар или во корист на контото 64. Од контото 64 се пренесува отстапувањето на постојаните цени на материјалите онака како што се пренесува и намалувањето односно наголемувањето цените на чинењето на соодветното аналитичко конто од синтетичкото конто 70.

## КЛАСА 4

### Трошоци

На контата 40 и 41 — **Материјали,** се книжи сиот утрошок на материјали било да се во прашање материјали на изработката било материјали на општите трошоци.

Производните претпријатија, кога во своите калкулации ги водат одвоено непосредните од посредните трошоци (материјали за изработка и режиски материјали), можат да го употребат контото 40 за непосредни трошоци на материјалите, а контото 41 за посредните трошоци на материјалите (општи материјални трошоци).

Стопанските организации задолжително ги расчленуваат материјалните трошоци по видовите на општите трошоци.

Општите материјални трошоци во производителната или производително-услужната стопанска организација можат да се расчленат на пример, на следните видови трошоци:

— помошни материјали за изработка,
— набавена електрична енергија,
— набавена вода,
— цврсти горива,
— течни горива,
— плински горива,
— мазива,
— ситен инвентар,
— материјали за поправки и одржување,
— материјали за транспортни средства,
— канцелариски материјали,
— амбалажа,

Аналогно расчленување на општите материјални трошоци со потребната спецификација може да се изврши за стопанските организации од други гранки на стопанската дејност.

На контата 42 и 43 — **Услуги од други**, се книжат услугите од други стопански организации, како и од други правни и физички лица што самите плаќаат данок на доход. Стопанските организации задолжително ги расчленуваат услугите од други по видовите на општите трошоци.

Општите трошоци на услугите од други можат да се расчленат, на пример, на следните видови трошоци:

— поправки извршени од други,
— премиите на осигурувањето,
— транспортни трошоци,
— поштенски трошоци,
— патни трошоци (без дневници),
— трошоци на продажбата,
— трошоци за реклама,
— придонес (членарина) на стручните здруженија,
— трошоци за вештачења, советувања, ревизии и арбитражи,
— камати на кусорочните кредити,
— трошоци на платниот промет,
— кирии и закупнини,
— трошоци за патентите, лиценци и слични права (ако патентите, лиценциите и другите права не се активирани на основните средства, во кој случај се книжат како амортизација на товар на контото 44),
— други трошоци.

На контото 44 — **Амортизација**, се книжи износот на амортизацијата на основните средства што е стопанската организација, применувајќи ги пропишаните стопи на амортизацијата, должна да го уплатува во амортизационниот фонд. Во калкулациите на поодделни производи елементот на амортизацијата може да се опфати и во општи трошоци.

На контото 45 — **Придонеси на општествената заедница**, се книжат овие придонеси:

— камати на основните средства,
— камати на постојаните обртни средства,
— земјарина.

Расчленувањето се врши по поодделни видови придонеси.

На контото 46 — **Пресметковни плати**, книжењето се врши по правило на крај на пресметковниот период.

Со пресметковните плати се товарат производите, производните фази односно погоните во сразмер со тарифните ставови во смисла на точ. 1 ст. 1 на чл. 19 и ст. 1 на чл. 20 од Уредбата за платите на работниците и службениците на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ" бр. 56/53), остварени во истиот пресметковен период.

Издатоците кои по прописите што постојат го товарат платниот фонд, а не се содржани во пресметковниот платен фонд, не се книжат преку ова конто, туку паѓаат на товар на делот на добивката со кој стопанската организација самостојно располага



Контото 46 може да се расчлени на плати на изработката и на плати во општите трошоци (непосредни и посредни плати), а покрај тоа, по потреба, уште и по другите категории. На пр., на платите на изработката, на помошните плати, на платите на службениците и сл.

На товар на контото 46 се книжи и придонесот за социјално осигурување што се однесува до пресметковните плати книжени на ова конто.

Книжењето на пресметковните плати се врши на следен начин:

а) за пресметковните плати се товари контото 46 во корист на контото 28. Напоредно со тоа и на ист начин се книжи и соодветниот износ на редовниот придонес за социјално осигурување.

б) за платите пресметани по тарифните ставови со редовниот придонес за социјално осигурување се задолжуваат соодветните конта од класата 5 во корист на контото 49 — Распоред на трошоците;

в) со обзир на тоа дека износот на пресметковниот платен фонд редовно нема да се поклопува со износот на платите пресметани по тарифните ставови, затоа што тарифните ставови што се утврдуваат однапред во рамките на предвиденият пресметковен платен фонд, не мораат да се поклопуваат со остварените тарифни ставови и со остварениот пресметковен платен фонд поради работата по норма, отсуствувањето на работниците и службениците со различни тарифни ставови и сл., треба разликата помеѓу износот на пресметковниот платен фонд и износот на платите пресметани по тарифните ставови со соодветната разлика на придонесот на социјално осигурување да се книжи на товар или во корист на контото 28 — Укалкулиран пресметковен платен фонд, а во корист односно на товар на контото 59 — Исправка на вредноста на запасите на недовршеното производство и полупроизводите;

г) при пресметувањето на довршените производи треба да се пресмета и делот на разликата помеѓу пресметковниот платен фонд и платите по тарифните ставови, што се однесува до довршените производи и услуги и тој износ да се книжи на товар односно во корист на контото 64 — Исправка на вредноста на запасите на готовите производи. Делот на разликата што се однесува до довршените услуги се пренесува на контото 70 — Трошоци на реализираните готови производи и услуги;

д) при пресметувањето на продадените производи, на крај на пресметковниот период, се пренесува делот на разликата помеѓу пресметковниот платен фонд и платите по тарифните ставови, кој се однесува до продадените производи, од контото 64 — Исправка на вредноста на запасите на готовите производи на контото 70 — Трошоци на реализираните готови производи и услуги.

Со книжењето на овој начин се врши сведење на платите укалкулирани по тарифните ставови на износот на пресметковниот платен фонд, а на поодделни работни налози и поодделни калкулации на производите и услугите не мораат да се вршат исправки.

Трговските претпријатија и дуќани од остварениот платен фонд го книжат износот на пресметковниот платен фонд со соодветниот придонес за социјално осигурување на товар на контото 46, а во корист на контото 25. Ако остварениот платен фонд со примена на одредбата на чл. 53 од Уредбата за трговската дејност и трговските претпријатија и дуќани („Службен лист на ФНРЈ", број 56/53) е поголем до пресметковниот платен фонд, разликата се книжи на товар на контото 89 — Добивка на слободно располагање на стопанската организација, а во корист на контото 25 — Остварен платен фонд. Истовремено се пресметува и на ист начин книжи и соодветниот придонес за социјално осигурување на таа разлика.

На контото 48 — **Сопствени производи и услуги**, се книжат овие трошоци што еднаш веќе поми-

нале низ контата од класата 4 и се враќаат на контата од класата 5, 6 или 7 преку класата 3 или 4 повторно во процесот на работата.

Сите трошоци што биле еднаш веќе проknижени на кое и да е од контата на класата 4 и пренесени натаму на контата од класата 5, 6 и евентуалнo 7, и се враќаат во вид на производи, полупроизводи, услуги или како материјал повторно во процесот, мораат по враќањето во процесот да се книжат преку контото 48, а не преку другите конта од класата 4 (освен контото 49 како пресметковно конто, преку кое се врши пренос на сите трошоци во текот на годината). Ако, на пр., стопанската организација има сопствена леарница, која главно служи за потребите на самата организација, а покрај тоа и набавува лив, таа го води, по правило, сиот лив на контото 31 — Запаси на материјали. Трошењето на сопствениот лив во производството, се книжи преку контото 48, а не преку контата 40—41.

Со обзир дека водењето на таков лив или кој и да е друг материјал одвоено од ливот или кој и да е друг материјал што е набавен, би предизвикало големи тешкотии, стопанската организација при книжењето на утрошокот на суровините и материјалите во прв ред го задолжува контото 48 за вкупниот износ што е пренесен од контата на класата 5, 6 или 7 во односниот пресметковен период (без обзир дали е во прашање сопствен или набавен лив, и без обзир дали е во прашање трошењето на кој и да е друг вид суровина и материјал.). Дури од моментот кога преку контото 48 е пренесен целиот износ што е вратен од контата на класата 5, 6 или 7 книжењето на утрошокот на материјалите се врши редовно преку другите конта од класата 4.

Контото 48 може да се расчлени, аналогно со расчленувањето на класата 4, на поодделни конта, со обзир на потребите на составувањето на калкулациите.

Полупроизводите на сопственото производство што се книжени на контото 58, можат во натамошната фаза на производството да се пренесуваат и непосредно на товар на контото 52 — Производство во тек.

Трговските претпријатија и дуќани, како и другите непроизводни стопански организации, кои покрај својата основна дејност имаат издвоена сопствена дејност (на пр., автотранспорт), можат да ги книжат трошоците на таквата споредна дејност по видовите редовно на товар на поодделни конта од класата 4. На крај на пресметковниот период за вкупниот износ на трошоците на споредната дејност тие го задолжуваат контото 48 и му одобруваат на контото 49. Ако еден дел од таквите трошоци (или во целост) треба да ги товари зависните трошоци на набавката на стоките, за тој дел на трошоците се товари контото 65, односно контото 66, ако не се користи контото 65, а во корист на контото 49. Ако услугата на превозот им се врши на други со наплата, тогаш за цената на чинењето на услугата треба да се товари контото 70 во корист на контото 49.

На контото 49 — **Распоред на трошоците**, производните и услужните стопански организации кои составуваат калкулации за своите производи и услуги го вршат книжењето со одобрување на крај на пресметковниот период на сите трошоци што се проknижени на товар на другите конта од класата 4. На тој начин се вкалкулираат посредно сите конта од класата 4, и заедно посматрани не смеаат да имаат никакво салдо.

Со износот со кој му се одобрува на контото 49 се задолжува контото 52.

Трговските претпријатија и дуќани што ги водат стоките било по набавната било по продавната цена, на крај на пресметковниот период го задолжуваат контото 79 и му одобруваат на контото 49 за износот на настанатите трошоци.

Угостителските претпријатија и дуќани ги пренесуваат своите трошоци од класата 4 со задолжување на контото 70 и одобрување на контото 49.

Контото 49 се расчленува аналитички по потреба.

На крај на годината контото 49 се затвора (задолжува) со другите конта од класата 4 (кои се одобруваат).

## КЛАСА 5

### Производство

Контата од класата 5 ги отвораат само производните стопански организации и услужните стопански организации кои за тие услуги составуваат калкулации.

За обезбедување точна пресметка на производството и составување на калкулацијата, стопанските организации по правило, организираат одделно погонско книговодство вон контата од класата 4 и 5, во кој случај го вршат книжењето на контата од класата 5 по извршената пресметка во погонското книговодство.

Стопанските организации можат за распоред на трошоците од класата 4 да воведат погонски пресметковен лист (ППЛ).

Селско-стопанските организации (добра) ќе ја користат, меѓутоа, по правило класата 5 на обичаен начин.

Резултатите на одделното погонско книговодство или погонскиот пресметковен лист се пренесуваат во работното (финансиско) книговодство на тој начин што на крај на секој пресметковен период се книжат на товар на контата од класата 5 а во корист на контото 49.

Стопанската организација може да организира погонско книговодство во склоп на контата од класата 4 и 5, т. е. на контата од класата 4 да се изврши аналитичко расчленување по видовите на трошоците, а на контата од класата 5 на непосредните трошоци (трошоци на изработката, општи трошоци на погонот и општи трошоци на управата и продажбата, погонската и управно-продавната режија) и разврстувањето да се врши по носителите и по местата на трошоците. (Ова се постигнува на тој начин што се отвораат одделни аналитички конта во склоп на контото 52, на пр., 520 — Општи трошоци на погонот, 521 — Општи трошоци на управата и продажбата, 522 — Производство итн.).

На контото 52 — **Производство во тек**, се книжат врз основа на податоците на погонското книговодство на крај на пресметковниот период сите трошоци што станале во врска со производството односно извршените услуги во односниот период, и тоа во корист на контото 49. Истовремено, се книжат во корист на контото 52, а на товар на контото 60, готовите производи што се довршени во тој период, а разликите помеѓу постојаната и фактичната цена на чинењето. Ако производите се водат по постојаната (планската) цена на чинењето, на товар или во корист на контото 64.

Стопанските организации што имаат организирано погонско книговодство вон работното (финансиско) книговодство на начинот што овозможува потполна контрола на пресметката на производството на поодделни погони и по видовите на производите, како и составување калкулации, можат преку контата 52, 58, 59, 60 и 64 на крај на пресметковниот период да го проknижат само наголемувањето односно намалувањето на запасите. Книжењето се врши така што за вкупните трошоци што станале во пресметковниот период да се одобрува контото 49, а да се задолжат или признаат контата 52 и 58 за наголемувањето односно намалувањето на запасите на недовршеното производство и полупроизводите, потоа да се задолжи контото 60 за довршените готови производи, а контото 70 за довршените услу-

ги и, конечно, да се товарат или признаат контата 59 и 64 за наголемувањето односно намалувањето цените на чинењето како и за другите исправки на вредноста на недовршеното производство, полупроизводите и готовите производи.

Со обзир на можност на различна организација на пресметката на производството и погонското книговодство стопанските организации го расчленуваат контото 52 на аналитички конта спрема потребите на конкретната организација, но со тоа што да се обезбеди контрола на недовршеното производство по елементите на цената на чинењето било за поодделни производи, групи производи или по поодделни внатрешни економски единици (фази на производството) односно одделенија.

На контото 58 — **Полупроизводи на сопственото производство,** се книжат сопствените производи пресметани по цената на чинењето или по внатрешната постојана цена на производната организација.

Задолжителната аналитичка евиденција се води по поодделни видови или групи производи.

При повторното влегување на полупроизводите во процесот на производството, книжењето се врши на товар на контото 52. Ако полупроизводите се пренесуваат во натамошниот процес на производството преку контата од класата 4, тогаш исклучиво се пренесуваат преку контото 48.

Ако полупроизводите се продаваат, се пренесуваат на товар на контото 70 — со или без претходно книжење на контото 60.

Ако полупроизводите на сопственото производство од кој и да е разлог се евидентираат на контата од класата 3, тогаш при повторното влегување во процесот на производството нивната вредност треба да се книжи преку контото 48 на начинот објаснет во коментарот кон ова конто.

На контото 59 — **Исправка на вредноста на запасите на недовршеното производство и полупроизводите,** се книжи:

а) намалувањето односно наголемувањето на внатрешната постојана (планска) цена кога стопанските организации вршат пресметка на производството по внатрешните економски единици и по постојаните внатрешни цени;

б) отстапувањата од планските цени на материјалите, спрема објаснението кон контото 39;

в) разликите помеѓу пресметковниот платен фонд и платите по тарифните ставови, спрема објаснението кон контото 46.

Сите три вида исправки се пресметуваат на крај на пресметковниот период и се книжат на товар или во корист на контото 59, а во корист или на товар на контото 52 (за намалувањето односно наголемувањето на внатрешната постојана цена на недовршеното производство односно полупроизводите), во корист или на товар на контото 39 (за отстапувања од планските цени на материјалите) и во корис или на товар на контото 28 (за разликите помеѓу пресметаните плати и платите по тарифните ставови). Книженјата на намалувањето односно наголемувањето на внатрешната постојаната цена на товар или во корист на контото 59 можат да се вршат и комбинирано, преку контото 49 и 52, а не само преку контото 52.

При пренесувањето на довршените производи на контото 60 односно довршените услуги на контото 70, се пресметува и соодветниот износ на исправките книжени на контото 59 и се пренесува на контото 64 (за готовите производи, односно 70 — за довршените услуги).

На тој начин контото 59 ќе ги прикажува во своето салдо износите на исправките што се однесуваат до запасите на недовршеното производство и полупроизводите, додека контото 64 ќе ги прикажува во своето салдо исправките што се однесуваат до запасите на довршеното производство, а контото 70 ќе биде товарено или признаено за износите на исправките што се однесуваат до продадените готови производи и за извршените услуги.

## КЛАСА 6

### Запаси на готови производи и стоки

На контото 60 — **Запаси на готовите производи,** се книжат готовите производи по цената на чинењето во кое се укалкулирани платите во висина на пресметковниот платен фонд. Стопанските организации можат да ги книжат готовите производи и по цената на чинењето во која се платите укалкулирани во висина на платите по тарифните ставови (донесени во рамките на предвидениот пресметковен платен фонд), но во тој случај се должни исправката за разликата помеѓу остварениот пресметковен платен фонд и платите пресметани по тарифните ставови да ја книжат преку **контото 64 — Исправка на вредноста на запасите на готовите производи.**

Готовите производи можат да се водат и по постојаните (планските) цени на чинењето. Ако готовите производи се водат по постојаните цени, отстапувањата помеѓу постојаната и фактичната цена се книжат преку контото 64.

Кај селско-стопанските организации (добра), запасите на готовите производи ќе се водат по калкулативната продавна цена. Во тој случај целата разлика помеѓу калкулативната продавна цена и цената на чинењето, што ќе биде утврдена на крај на годината ќе се води на контото 64.

Готовите производи се водат аналитички расчленети по видовите, а можат да се групираат и во групи спрема потребите на претпријатието на стопанската организација.

При предавањето на готовите производи во складиште, се задолжува контото 60.

Контото 64 — **Исправка на вредноста на запасите на готовите производи,** го водат стопанските организации кои своите готови производи ги водат по постојаните (плански) цени, како и сите оние стопански организации што ги водат запасите на готовите производи по фактичните цени во кои се платите укалкулирани во висина на платите по тарифните ставови. Ова конто го водат уште и стопанските организации што ги книжат набавените материјали во класата 3 по постојаните (плански) цени.

Книжењето на ова конто се врши при пренесувањето на вредноста на довршените производи од контото на класата 5 на тој начин што ова конто се задолжува во корист на контото 59 ако постојаната цена на чинењето е пониска од фактичната, а се одобрува на товар на контото 59 ако постојаната цена на чинењето е поголема од фактичната.

Отстапувањата од планските цени на чинењето и разликите помеѓу пресметковниот платен фонд и платите по тарифните ставови се книжат на товар или во корист на контото 64, а во корист односно на товар на контото 59, во висина што и' одговара на вредноста на довршените производи.

При реализацијата на готовите производи се проknижува соодветниот дел на исправките во корист или на товар на контото 70.

При интерната реализација во текот на годината кај селско-стопанските организации производите што ќе бидат наменети за внатрешна потрошувачка ќе бидат пренесени од контото 60 на соодветните конта од класата 3 по калкулативните продавни цени, а оттука натаму преку класата 4 на класата 5. На крај на годината кога ќе биде утврдена разликата помеѓу калкулативната продавна цена и фактичната цена на чинењето, соодветниот дел на разликата што се однесува до производите наменети за внатрешна потрошувачка ќе се пренесе од контото 64 на контото 39. и тоа одделно аналитичко конто. Потоа делот на оваа разлика кој се однесува до потрошените количини

преку класата 4 се книжи преку контото 48 (одделно аналитичко конто), а потоа на обичаен начин во класата 5, како исправка на книженьата извршени во текот на годината.

Контото 65 — **Набавка на трговски стоки,** го водат само трговските претпријатија, и тоа задолжително за стоките што се на пат кои уште не стасале во претпријатието. За сите други набавки на стоки во трговијата сва конто е факултативно и се употребува евентуално со цел да се формира набавната цена. Инаку набавката на стоки може да се книжи непосредно на контото 66 односно транзитните стоки непосредно на контото 71.

На контото 66 — **Запас на трговски стоки,** се водат набавените стоки по набавната или продавната цена. Ако стоките се водат по продавната цена, за чистиот фактурен износ се одобрува контото на добавувачите (22), за зависните трошоци на набавката контото пасивни временски разграничувања (29), или контото активни временски разграничувања (19) ако не се води контото 29, а за разликата помеѓу продавната и набавната цена се одобрува контото на разликите во цената на трговските стоки (69). Ако во калкулацијата влегува како елемент данокот на промет, износот на данокот им се одобрува на одделните аналитички конта од синтетичкото конто 69. Контото 66 може аналитички да се расчлени по потреба (по складишта и сл.).

Аналитичката евиденција на стоките по видовите (артиклите) се води во стоковното книговодство по количината и вредноста. По исклучок, техничките сервиси — железарските дуќани со голем број артикли можат да водат аналитичка евиденција само во количински покажатели со ознака на цената за единица на стока.

При реализацијата на стоките или при предавањето на стоките на продавниците, се врши пренижување од контото 66 на товар на контото 71 односно на товар на контото 68.

На контото 68 — **Запас на трговските стоки во продавници,** се водат стоките во трговските дуќани и продавници на производителните претпријатија по продавната цена. Задолжителната аналитичка евиденција се води за поодделни трговски дуќани, односно за поодделни продавници на производителните претпријатија.

При преносот на стоките во дуќан односно продавница се задолжува контото 68 во корист на контото 66.

Ако запасот на трговските стоки се води по набавните цени, тогаш при преносот на стоките во дуќан се задолжува контото 68 по продавната цена а одобрува контото 66 по набавната цена, а истовремено разликата помеѓу продавната и набавната цена му се одобрува на контото 69.

На контото 69 — **Разлика во цената на трговските стоки,** книжат стопанските организации што сесите запаси на стоки ги водат по продавните цени, како и оние што ги водат запасите на стоки по набавните цени но продавниците ги задолжуваат по продавните цени. Книженьата на ова конто се објаснети кон контото 66, 68 и 71. Аналитичко расчленување на ова конто е слободно. Ако во склоп на ова синтетичко конто се води аналитичко конто за укалкулираниот данок на промет, при реализацијата се товари она конто за делот на данокот што се однесува до реализацијата во корист на контото 24.

## КЛАСА 7

### Реализација

На контото 70 — **Трошоци на реализираните готови производи и услуги,** се книжи вредноста на реализираните количини на готовите производи и извршените услуги по цената на чинењето. Производните претпријатија при реализацијата на готовите производи го задолжуваат ова конто по корист на контото 60 а кај реализираните услуги — во корист на контото 52.

Ако производите се водат по постојаните (плански) цени соодветниот износ на намалувањето или наголемувањето на цената на чинењето кој се однесува до реализираните количини производи и услуги се книжи во корист односно на товар на контото 70, а на товар односно во корист на контото 64.

За производите и услугите што подлежуваат на плаќање данок на промет, се задолжува контото 70 уште и за соодветниот износ на овој данок, а во корист на контото 24.

Трговските претпријатија го задолжуваат ова конто за цената на чинењето на услугите наплатени од други во корист на контото 49, како е тоа објаснето кај тоа конто.

Контото 70 се товари или одобрува уште и за отстапувањата од планските цени на материјалите (исправки на вредноста на материјали), како и за разликата помеѓу пресметковниот платен фонд и платите по тарифните ставови кои се однесуваат до продадените производи и услуги. Книженьето на овие исправки се врши така што контото 70 да се задолжи или одобри, а контото 64 да се одобри или задолжи со износот на исправките. Аналитичко расчленување на контото 70 е слободно.

На контото 71 — **Набавна цена на реализираните трговски стоки,** се книжи вредноста на реализираните количини трговски стоки со одобрување на контото 66 и 68. Ако стоките се водат по продавната цена во корист на контото 71, а на товар на контото 69, се книжи уште и соодветниот дел на разликата помеѓу продавната и набавната цена кој отпаѓа на реализираните стоки.

Аналитичко расчленување на контото 71 може да се врши по групите артикли или на некој друг начин. Ако во состав на трговското претпријатие се наоѓаат трговски дуќани, тогаш ова конто мора да се расчлени по дуќаните.

На контото 72 — **Набавна цена на реализираниот материјал и отпадоци,** се книжат износите на реализираните количини материјали и отпадоци со одобрување на соодветното конто од класата 3.

На контото 73 — **Вонредни расходи,** се книжат сите вонредни расходи што непосредно не го товарат производството односно не ги товарат трошоците на редовното пословање на стопанската организација.

На товар на вонредните расходи не можат да се книжат износите што паѓаат, по посебни прописи, на товар на платниот фонд или на товар на одделните наменски фондови.

Ова конто се расчленува по видовите на вонредните расходи.

На товар на вонредните расходи се книжат мањоците при инвентарисањето ако не се ставени на товар на поединци, отпишани побарувања и сл. На товар на ова конто не можат да се книжат расходите за станбени згради, културни домови и сл., со обзир дека за објектите на општествениот стандард, ако со нив управува стопанската организација, постои одделно книговодство преку кое се книжат сите промени. Евентуалните услуги што и' се прават на службата на општествениот стандард стопанската организација е должна одделно да ги пресмета и наплати на ист начин како и за секоја друга услуга што им се прави на други лица.

На контото 75 — **Реализација на готовите производи и услуги,** се книжат фактурните износи на реализираните готови производи и услуги на товар на соодветното конто од класата 1, 2 и 3 или контото 48, веќе спрема тоа кому е извршена продажбата. Во корист на ова конто се книжи и реализацијата за која не се издаваат формални фактури туку други документи (на пр. продажба за готово, пренос во класата 3 како суровина и сл.),

Аналитичката евиденција на контото 75 мора да биде аналогна со аналитичката евиденција на контото 70.

На крај на годината се пренесува на товар на ова конто салдото од контото 70. Разликата што ќе се појави по ова книжење, се пренесува во корист или на товар на контото 79.

На контото 76 — **Реализација на трговските стоки,** се книжат износите на продадените трговски стоки. При ова се задолжуваат соодветните конта (купувачи, благајна итн.). Аналитичкото расчленување се врши на ист начин како и расчленувањето на контото 71. На крај на годината на товар на ова конто 76 се пренесува салдото од контото 71, а разликата што ќе се јави потоа на контото 76 се книжи во корист или на товар на контото 79.

На контото 77 — **Реализација на материјалите и отпадоците,** се книжат материјалите и отпадоците на товар на соодветните конта од класата 1 и 2 по продавната цена.

Аналитичкото расчленување на ова конто се врши спрема потребите на претпријатието, со тоа што аналитичката евиденција на ова конто да се согласи со аналитичката евиденција на контото 72.

На крај на годината се пренесува салдото од контото 72 на товар на ова конто, а разликата што ќе се јави при тоа се книжи преку контото 79.

На контото 78 — **Вонредни приходи,** се книжат приходите што ги остварува стопанската организација а кои не можат да се јават како приходи од реализација на контата 75 до 77, како што се наплатените договорни казни и пенали, позитивните разлики на курсевите, наплатените отпишани побарувања и сл.

Контото 78 се расчленува по видовите на вонредните приходи.

На контото 79 — **Распоред на разликата на реализацијата,** се книжат на крај на пресметковните периоди во текот на годината разликите помеѓу износот на реализацијата и вонредните приходи на контата 75 до 78, од една страна, и трошоците односно набавните цени и вонредните расходи на контата 70 до 73 од друга страна.

Контото 79 задолжително се расчленува на следните аналитички конта:

— разлики при реализацијата на готовите производи и услуги (75 и 70);

— разлики при реализацијата на трговските стоки (76 и 71);

— разлики при реализацијата на материјалите и отпадоците (77 и 72);

— разлики помеѓу вонредните приходи и вонредните расходи (78 и 73).

Трговските претпријатија задолжително ги расчленуваат разликите при реализацијата по работните единици за кои вршат одделна пресметка на приходите.

Натамошно расчленување стопанската организација може по потреба да врши сама.

По правило, ова конто во текот на годината постојано се задолжува, а само во случај на постигнати губитоци тоа се одобрува.

Разликите со кои се товари односно одобрува контото 79, во производните и услужните стопански организации се книжат во корист односно на товар на контото 84.

Во трговските стопански организации ова конто најпрво се товари за полниот износ на сите трошоци на контата од класата 4 во корист на контото 49, а потоа остатокот на салдото се пренесува на контото 84.

На крај на годината сите конта од класата 7 меѓусебно се затвораат на тој начин што салдата од контата 70 до 73 се пренесуваат на соодветните паралелни конта 75 до 78, а разликите што ќе се јават потоа на контата 75 до 78, се книжат преку контото 79.

## КЛАСА 8

### Финансиски резултат

На контото 84 — **Добивка (губиток),** се книжи на крај на секој пресметковен период остварената добивка на товар на контото 79 односно остварениот губиток во корист на контото 79.

Контото 84 задолжително се расчленува на две аналитички конта, и тоа:

— добивка (губиток),

— распоред на добивката (покритие на губитокот).

Расподелбата на добивката се книжи на товар на контото 84, а во корист:

— на контото 24 — за износот на данокот на добивката, како и за износот на делот што и' припаѓа на околијата (градот);

— на контото 93 — за износот што се уплатува во резервниот фонд;

— контото 23 — за износите за отплата на ануитетите за долгорочните кредити;

— контото 89 — за износот со кој стопанската организација покрај износот за резервниот фонд и износот за отплата на ануитетите учествува во остварената добивка.

Покритието на губитокот се книжи во корист на контото 84, а на товар на контото од кое се врши покритието. На крај на годината аналитичките конта на добивката и распоредот на добивката меѓусебно се затвораат, но се искажуваат одвоено во годишниот биланс.

На контото 89 — **Добивка на слободно располагање на стопанската организација,** се книжи на крај на секој пресметковен период износот на делот на добивката со кој стопанската организација самостојно располага.

Ова конто задолжително се расчленува на:

— добивка на слободно располагање на стопанската организација;

— распоред на добивката на стопанската организација со која самостојно располага.

На товар на контото 89 се книжи делот на добивката со кој стопанската организација самостојно располага, а во корист:

— на контото 25 — за износот определен за исплата на платите со соодветниот дел на редовниот придонес за социјално осигурување;

— на контото 93 — за фондовите што ги формира стопанската организација.

На крај на годината сета добивка на слободно располагање на стопанската организација задолжително се распоредува.

## КЛАСА 9

### Извори на постојаните средства

На контото 90 — **Фонд на основните средства,** доаѓа до книжење:

— при прибавување основни средства, кога книжењето се врши во корист на ова конто, а на товар на контото на основните средства, ако основното средство е добивено бесплатно, односно на товар на контото 94, ако е предметот купен, произведен или изграден во сопствена режија и од сопствени средства;

— при отплатата на ануитетите за долгорочен кредит за довршените инвестиции се задолжува контото 23 во корист на ова конто за износот на отплатениот кредит;

— при редовното отпишување (амортизацијата) на основните средства на товар на ова конто, а во корист на контото 09;

— при расходување на основните средства, кога се врши книжењето на товар на ова конто и на товар на контото 09, а во корист на контото 00. Паралелно неамортизираниот дел се уплатува во амортизационниот фонд на товар на средствата со кои стопанската организација самостојно распо-

лага. Исто така, се наплатува во амортизациониот фонд и вишокот на приходите на расходуваните основни средства;

— при продажбата вредноста добивена за продадените основни средства се уплатува во амортизациониот фонд. Ако вредноста на основното средство добивена со продажба е помала од неамортизираниот дел, разликата исто така се уплатува во амортизациониот фонд од средствата со кои стопанската организација самостојно располага.

На контото 91 — **Долгорочен кредит за довршените инвестиции,** се книжат вредностите на довршените инвестиции за кои се користеле долгорочните кредити. Ова конто задолжително се расчленува по поодделни кредити.

По дефинитивните пресметки на завршените работи, се пренесуваат во корист на ова конто а на товар на контото 94, износите на искористениот кредит.

Средствата потребни за исплата на ануитетите по долгорочните кредити се покриваат од добивката а се книжат на товар на аналитичкото конто 84 — Распоред на добивката, во корист на одделното аналитичко конто — Обврски за ануитетите во рамките на синтетичкото конто 23 — Разни обврски.

Уплатите на ануитетите во договорените срокови се книжат на товар на контото 91, а во корист на контото 20 — Банка. Истовремено се задолжува аналитичкото конто — Обврски за ануитетите (23) во корист на контото 91 за каматата содржана во ануитетот и контото 90 — за отплата на кредитот.

Контото 93 — **Разни фондови,** задолжително се расчленува на следните аналитички конта:

— амортизационен фонд за замена,

— амортизационен фонд за инвестиционо одржување,

— резервен фонд.

Натамошното расчленување е исто така задолжително ако стопанската организација формира и други фондови.

При формирањето на фондовите книжењето се врши во корист на овој фонд, а на товар на:

— контото 23 — за амортизационите фондови;

— контото 84 — за резервниот фонд;

— контото 89 — за другите фондови што ги формира претпријатието од делот на добивката на слободно располагање.

При трошењето на средствата од фондовите се задолжува контото 92 во корист на соодветното конто.

Контото 94 — **Финансирање на инвестициите,** задолжително се расчленува спрема изворите на финансирањето на инвестициите, како што се:

— добавувачи за инвестиции,

— амортизационен фонд за замена,

— амортизационен фонд за инвестиционо одржување,

— други фондови на стопанската организација,

— кредити кај банката,

— кредити на другите стопански организации,

— финансирање од буџетот,

— други извори.

По довршувањето на инвестиционите работи износите книжени на контото 94 се пренесуваат во корист на контото 90 или 91, освен износите што се трошат за инвестиционо одржување.

Износите потрошени за инвестиционо одржување се пренесуваат на одделното аналитичко конто на довршените инвестициони поправки (04), на кое се пренесува и вредноста на довршените инвестициони поправки, по нивното довршување.

На контото 97 — **Кредит за постојаните обртни средства,** се книжат постојаните извори на обртните средства со пренесување од редовната сметка кај банката, на износот утврден по посебните прописи како постојани обртни средства на стопанската организација.

## IV. ПРЕОДНИ ОДРЕДБИ ЗА ПРИМЕНА НА ЕДИНСТВЕНИОТ ОСНОВЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА СТОПАНСТВОТО

19. Сите стопански организации што се должни да го применат единствениот основен контен план за стопанството, должни се да ги заклучат своите книги за 1953 година по прописите што важеле за таа година. При тоа се должни да водат сметка пописите и другата документација кон завршната сметка да се средат така што без тешкотии да може да се изврши преknижување од контата што биле во сила во 1953 година на новите задолжителни конта, пропишани со единствениот основен контен план во гл. II од ова упатство. Поради тоа стопанските организации во заклучниот лист за за 1953 година секое поодделно салдо на 31 декември 1953 година на контата од книговодството во 1953 година ќе означат на кое конто од контниот план по ова упатство ќе го пренесат салдото под 1 јануари 1954 година.

Ова означување ќе се изврши спрема следниот напореден преглед на досегашните и новите конта.

Стопанските организации што во 1953 година извршиле проценка на основните средства во смисла на Упатството за проценка на основните средства во стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/53) ќе постапат по прашањето на книжењето вредноста на основните средства по Упатството за примена на Решението за книжење вредноста на основните средства проценети по Упатството за проценка на основните средства во стопанството („Службен лист на ФНРЈ", бр. 47/53). Вредноста на зградите на општествениот стандард која спрема споменатото Решение за книжење вредноста на основните средства е проknижена на контото 000 се издвојува во одделно книговодство и не влегува под новата ознака 00.

Меѓутоа, оние стопански организации кај кои оваа проценка не е извршена и кои имаат основни средства книжени на контата 000, 001, 002, 003, 004 и евентуално 007 ќе извршат преknижување на сите основни средства на контото 00 освен имотот на општествениот стандард што се издвојува во одделното книговодство.

| Ознака на контото во 1953 год. | Ознака на контото во 1954 год. |
|---|---|
| 000 | 00 |
| 007 | 04 или 00 |
| 040 | 02 |
| 042 | 04 |
| 043 | 04 |
| 044 | 04 |
| 045 | одделно книговодство на општествениот стандард |
| 046 | 04 |
| 049 | 04 |
| 090 | ова конто се укинува, а евентуалните трошоци на ликвидацијата одат преку класата 5 |
| 100 | 10 |
| 101 | 20 |
| 102 | 02 |
| 104 | 20 |
| 105 | 11 |
| 105 | кај железниците и поштите му одговара на контото 20 |
| 106 | 11 |
| 106 | кај железниците и поштите му одговара на контото 20 |
| 107 | 11 |

| Ознака на контото во 1953 г. | Ознака на контото во 1954 г. |
|---|---|
| 108 | 17 |
| 109 | 20 |
| 110 | 12 |
| 111 | 12 |
| 112 | 22 |
| 116 | 75 |
| 119 | 12 |
| 120 | 23 |
| 121 | 23 |
| 130 | 24 |
| 132 | 15 и 25 |
| 133 | 24 |
| 135 | 24 |
| 136 | 24 |
| 139 | 24 |
| 140 | 15 |
| 141 | 15 |
| 142 | укинато |
| 143 | 13 |
| 144 | 13 |
| 145 | 22 |
| 146 | 25 ✓ |
| 147 | 23 |
| 148 | 23 |
| 149 | 23 |
| 190 | 17 |
| 191 | 17 |
| 192 | 17 |
| 193 | 13 или 03 |
| 199 | 12 |
| 200 | 28 |
| 201 | 28 |
| 202 | 25 |
| 251 | 75 или 76 |
| 252 | 84, 89 и 25 |
| 259 | укинато |
| 260 | укинато |
| 261 | укинато |
| 270 | 19 |
| 271 | 29 |
| 280 | 16 |
| 289 | 20 |
| 300 | 30 |
| 310 | 31 |
| 311 | 31 |
| 312 | 31 |
| 313 | 36 |
| 314 | 30 |
| 316 | 36 |
| 316 | 36 |
| 317 | 35 |
| 319 | 31 |
| 320 | 36 |
| 321 | 36 |
| 322 | 31 |
| 329 | 36 |
| 330 | 31 |
| 331 | 31 |
| 332 | 36 |
| 333 | 36 |
| 334 | 36 |
| 339 | 33 |
| 390 | 36 |
| | 40 и 41 |
| | 42 и 43 |
| | 44 — |
| | 45 — |
| | 46 — |
| | 48 — |
| | 49 — |

Сите досегашни конта на класата 4 се укинуваат. Стопанските организации се должни своите трошоци да ги книжат во натамошното послување на контата предвидени во единствениот контен план на класата 4.

| Ознака на контото во 1953 г. | Ознака на контото во 1954 г. |
|---|---|
| 500 | 52 |
| 510 | 52 |
| 520 | 52 |
| 521 | 52 |
| 522 | 52 |
| 523 | 52 |
| 530 | 52 |
| 580 | 58 |
| — | 59 |

Во класата 5 се јавува ново синтетичко конто 59 кое има за задача преку него да ги искаже исправките на вредноста што се однесуваат до запасите на недовршеното производство и полупроизводите.

Групата 60 се укинува за индустријата, а за трговијата кореспондираат следните конта.

| | |
|---|---|
| 600 | 65 |
| 601 | 71 |
| 602 | 66 |
| 603 | 66 |
| 604 | 68 |
| 605 | 66 |

Досегашната група 62 во трговијата им одговара на новите конта: 71 и 76 во новиот единствен основен контен план.

| | |
|---|---|
| 620 | 60 |
| 623 | 60 |
| 625 | 60 |
| 627 | 60 |
| 628 | 60 |
| 629 | 64 |
| 700 | 28 |
| 701 | 20 |
| 702 | 28 |
| 704 | 20 |
| 709 | 20 |
| 710 | 12 |
| 711 | 12 |
| 712 | 22 |
| 713 | 22 |
| 720 | 23 |
| 721 | 23 |
| 730 | 24 |
| 731 | 24 |
| 732 | 15 |
| 733 | 24 |
| 734 | 24 |
| 735 | 24 |
| 736 | 24 |
| 739 | 24 |
| 745 | 22 |
| 746 | 25 |
| 747 | 23 |
| 748 | 23 |
| 749 | 23 |
| 751 | 75 и 76 |
| 752 | 84, 89 и 25 |
| 759 | се гаси |
| 760 | укинато |
| 771 | 29 |
| 780 | 16 |
| 790 | 03 |
| 791 | 03 |
| 792 | 93 |
| 795 | 03 |
| 796 | 93 |
| 799 | 93 |
| 840 | 93 |
| 841 | 94 |
| 842 | 94 |
| 843 | 94 |
| 844 | 94 |
| 845 | 94 |

| Ознака на контото во 1953 г. | Ознака на контото во 1954 г. |
|---|---|
| 846 | укинато |
| 847 | 94 |
| 880 | 09 |
| 890 | 90 |
| 891 | 91 |
| 900 | 73 |
| 909 | 73 |
| 910 | 78 |
| 919 | 78 |
| 920 | Излегуваат |
| 940 | од системот |
| 950 | |
| 959 | |
| 960 | |

Група 99 оделно книговодство

20. Ако стопанската организација врши во 1954 година исплати на товар на платниот фонд за 1953 година, таквите исплати таа ги евидентира одвоено, а придонесот за социјалното сигурување го пресметува и плаќа во определен износ од остварената акумулација и фондовите за 1953 година, и тоа во висината што му одговара на определениот процент (10% односно 45%) од извршените исплати на товар на платниот фонд што важел во тоа година за пресметка на придонесот за социјално осигурување.

21. Стопанските организации што ги пренесуваат од 1953 година во 1954 година запасите на недовршеното производство и готовите производи, по отворањето на книгите во 1954 година ќе извршат исправка на укалкулираните плати во пренесените запаси на недовршеното производство и готовите производи на висината на платите што му одговара на пресметковниот платен фонд утврден спрема одредбите што важат за 1954 година.

Утврдувањето на висината на пресметковниот платен фонд во пренесените запаси на недовршеното производство и готовите производи се врши на тој начин што потрошеното работно време во овие запаси се множи со пресметковната плата на односната група стопански организации во смисла на одредбата под IV од Одлуката за примена на планските инструменти за 1954 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53).

На вака утврдениот износ на пресметковниот платен фонд се применува стопата од 45% и се добива износот на придонесот за социјално осигурување. Овој износ треба да му се додаде на износот на пресметковниот платен фонд утврден на начинот од претходниот став, а разликата што се добива помеѓу овој збир и укалкулираните плати во недовршеното производство и готовите производи треба да се прокнижи од една страна на товар или во корист на контото 28 — Укалкулиран пресметковен платен фонд, а од друга страна во корист или на товар на контото 59 — Исправка на вредноста на запасите на недовршеното производство и полупроизводите за разликите што се однесуваат до недовршеното производство (и полупроизводите на стопственото производство) и во корист или на товар на контото 64 — Исправка на вредноста на запасите на готовите производи, за разликите што се однесуваат до запасите на готовите производи. Ако збирот на пресметковниот платен фонд со соодветниот придонес за социјално осигурување е помал од порано укалкулираните плати по прописите што важеле за 1953 година, разликите ќе се книжат на товар на контото 28, а во обрнат случај — во корист на контото 28.

Со обзир дека на веќе исплатените износи на име аконтации за платите укалкулирани во прометот на недовршеното производство и готовите производи при исплатата е платен придонесот за социјално осигурување, по правило, во висина од 16% (а поретко во висината од 45%), потребно е да се пресмета разликата на придонесот за социјално оси-

гурување до висина од 45% за извршените исплати на име аконтации на платите што се прокнижени на контото 15 — Исплати на товар на платниот фонд. Книжењето на оваа разлика ќе се изврши на товар на контото 15, а во корист на контото 23 — Други обврски. При исплатата на овој износ, книжењето се врши на товар на контото 23 а во корист на контото 20 — Банки.

Стопанската организација е должна на одделен образец да ја изработи целата пресметка предвидена со оваа точка и да ги изврши сите потребни книжења врз основа на тоа пресметка.

22. Стопанските организации што ги водат своите книговодства по скусениот контен план, согласно ќе ги применат одредбите од главата I, III и IV од ова упатство.

## В. СКУСЕНИ КОНТНИ ПЛАНОВИ ЗА МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДУЌАНИ

### V. ОПШТИ ОДРЕДБИ ЗА ПРИМЕНА НА СКУСЕНИТЕ КОНТНИ ПЛАНОВИ ЗА МАЛИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДУЌАНИ

23. Сите стопански организации што народниот одбор на околијата (градот) или градската општина со одделни права ги определил, во смисла на чл. 6 од Уредбата за книговодството на стопанските организации, за мали претпријатија како и дуќаните, должни се да го водат своето книговодство спрема скусените контни планови.

Пропишаните конта во скусените контни планови претставуваат основни (синтетички) конта. Стопанските организации не можат да отвораат нови основни конта.

Основните синтетички конта се расчленуваат на аналитички конта спрема одредбите од ова упатство и потребите на стопанската организација. Обележувањето на аналитичките конта е слободно со тоа што бројот (ознаката) на аналитичко конто да мора да го содржи и бројот на основното конто.

### VI. СКУСЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА МАЛИ ПРОИЗВОДИТЕЛНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ЗАНАЕТЧИСКИ ДУЌАНИ

1. — Благајна
2. — Банка — редовно конто
3. — Побарувања и обврски
4. — Реализација
5. — Трошоци
6. — Материјал и ситен инвентар
7. — Запаси на готови производи
8. — Производство
9. — Платен фонд
10. — Основни средства
11. — Фондови
12. — Добивка (губиток)

На контото 1 — **Благајна,** се води готовинскиот промет на стопанската организација.

На контото 2 — **Банка — редовно конто,** се води текуштата сметка на редовното послување со банката.

На контото 3 — **Побарувања и обврски,** се водат обврските за придонесот на општествената заедница, издвоени средства при банката, терминski кредити, купувачи, добавувачи, чекови и девизи, менници, разни други побарувања и обврски и сл. На ова конто се водат и временските разграничувања.

За ова основно конто задолжително се води индивидуално аналитичка евиденција, која се групира во картотеката или помошните книги по видовите на побарувањата и обврските.

Контото 4 — **Реализација,** го покажува од една страна прометот на продадените готови производи и испорачаните услуги, како и вонредните приходи, а од друга страна ја покажува цената на чинењето на продадените производи и услуги, данокот на промет, како и вонредните расходи.

Во корист на ова конто се книжат фактурните износи, а на товар на контото 3 — Побарувања и обврски, додека дневниот пазар кој се книжи исто така во корист на ова конто — се книжи на товар на контото 1 — Благајна. Исто така, во корист на ова конто се книжи вонредните приходи, а на товар на соодветните конта преку кои е остварен овој приход.

На товар на ова конто се книжи вредноста на продадените производи или извршените услуги по цената на чинењето, а во корист на контото 7 — Запаси на готови производи. Кај стопанските организации што немаат запаси на готови производи или завршени услуги, се книжи вредноста на продадените производи или извршените услуги во корист на контото 8 — Производство, без употреба на контото 7 — Запаси на готови производи. Данокот на промет за продадените готови производи и извршените услуги се книжи на товар на ова конто а во корист на контото 3 — Побарувања и обврски. Вонредните расходи се книжат на товар на ова конто, а во корист на контото 5 — Трошоци. Вонредните расходи се книжат претходно на товар на контото 5 — Трошоци, за да бидат сите расходи на стопанската организација опфатени на контото 5 — Трошоци. Бидејќи вонредните расходи не влегуваат во цената на чинењето на производите или услугите, тие на крај на пресметковниот период се пренесуваат од контото 5 — Трошоци, на товар на контото 4 — Реализација.

Салдото од ова основно конто што, по правило, е пасивно ја покажува дбивката која на крај на пресметковниот период се пренесува во корист на контото 12 — Добивка (губиток). Евентуалното активно салдо на ова конто претставува губиток на стопанската организација, кој се пренесува исто така на контото 12 — Добивка (губиток).

На товар на контото 5 — **Трошоци,** се книжат сите расходи на стопанската организација. На крај на пресметковниот период се пренесуваат трошоци што влегуваат во калкулацијата на цената на чинењето на производот или услугите на товар на контото 8 — Производство, а вонредните расходи на товар на контото 4 — Реализација.

Ова основно конто се расчленува аналитички најмалку на следните конта:

1) материјал и туѓи услуги,

2) амортизација,

3) придонеси на општествената заедница,

4) пресметковни плати со придонесот за социјално осигурување,

5) сопствени производи и услуги,

6) вонредни расходи,

7) распоред на трошоците.

На аналитичкото конто Сопствени производи и услуги, се книжат трошоците што еднаш биле веќе прокнижени на основното конто 5 — Трошоци и пренесени натаму на контата: производство, запаси на готови производи, материјал и ситен инвентар, па оттука повторно се враќаат на контото во вид на материјали, полупроизводи или готови производи. Вакво книжење е потребно за да се обезбеди низ книговодството евиденција за елементите на вкупниот приход за стопанската организација како целост.

Преку аналитичкото конто Распоред на трошоците се пренесуваат по индиректен пат трошоците што влегуваат во цената на чинењето на крај на пресметковниот период на товар на контото 8 — Производство, а вонредните расходи на товар на контото 4 — Реализација.

Сите аналитички конта остануваат до крајот на работната година отворени, а на крајот на годината

се израмнуваат долговните аналитички конта со аналитичкото конто — Распоред на трошоците, кое има побарувачно салдо.

На контото 6 — **Материјал и ситен инвентар,** се водат запасите на суровини, материјали, набавени полупроизводи, амбалажа и ситен инвентар.

Потрошените количини на материјал и ситен инвентар се пренесуваат на товар на контото 5 — Трошоци.

Аналитичката евиденција се води по видовите на материјали и ситен инвентар, додека е групирањето слободно спрема потребите на стопанската организација.

На контото 7 — **Запаси на готови производи,** се водат запасите на готови производи и извршени а уште нефактурирани услуги по фактичната или постојаната (планска) цена на чинењето. Ако запасите се водат по постојаната (планска) цена на чинењето, треба на одделно аналитичко конто на ова основно конто да се евидентира разликата помеѓу фактичната и постојаната цена на чинењето.

За довршените производи се товари ова основно конто а се признава контото 8 — Производство. На товар на ова конто а во корист на контото 8 — Производство се книжат и неиспорачаните а завршените услуги.

Ова конто се признава за продадените производи, испорачаните услуги на товар на контото 4 — Реализација.

Салдото од ова конто ја покажува вредноста на запасите на готови производи и неиспорачаните извршени услуги по цената на чинењето.

Аналитичката евиденција се води спрема потребата на стопанската организација.

На контото 8 — **Производство,** се води производството во тек.

На товар на ова конто се книжат пренесените трошоци од основното конто 5 — Трошоци. Во корист на ова конто, а на товар на контото 7 — Запаси на готови производи, се книжат трошоците на производството што е однесуваат до довршеното производство или услуги. Извршените услуги што се испорачуваат директно се книжат непосредно на товар на контото 4 — Реализација, а не преку контото 7 — Запаси на готови производи.

Салдото од ова конто претставува недовршено производство на производи и услуги по цената на чинењето.

Аналитичката евиденција на ова конто може да се организира по работилници, фази на работата, производи, или на начин како му одговара тоа најдобро на претпријатието односно на занаетчискиот дуќан.

На контото 9 — **Платен фонд,** се книжат од една страна сите исплати што паѓаат на товар на платниот фонд, без обѕир дали се вршат во вид на аконтации или конечни исплати, а од друга страна остварениот платен фонд. Остварениот платен фонд било по основот на пресметковниот платен фонд или од добивката на претпријатието, се книжи во корист на овој фонд. Соодветниот придонес за социјално осигурување во определен процент на платите се книжи исто така преку ова конто.

За исплатите на товар на платниот фонд треба да се отвори едно од аналитичките конта под назив Исплати на товар на платниот фонд, а за остварениот платен фонд второ — под назив Остварен платен фонд.

Малите производителни претпријатија што имаат недовршено производство и запаси на готови производи, треба да го искажат пресметковниот платен фонд содржан во тие запаси. Тие технички ќе го извршат тоа на тој начин што за укалкулираниот пресметковен платен фонд ќе го товарат контото 5 — Трошоци, а ќе го признаат одделното аналитичко конто Укалкулиран пресметковен платен фонд во рамките на ова основно конто. За реализираниот дел на укалкулираните пресметковни плати се товари споменатото аналитичко конто на укалкулираниот пресметковен платен фонд, а се признава аналитичкото конто — Остварен платен фонд.

На конто 10 — **Основни средства** се водат сите основни средства на стопанската организација по набавните цени, односно по цените утврдени со проценка врз основа на прописите што постојат.

Бидејќи книговодствениот отпис се врши по индиректен метод, и се книжи на ова конто, треба за ова конто да се отворат две аналитички конта. На првото аналитичко конто се книжи набавната односно проценетата вредност на основните средства, а на второто конто исправката на вредноста на основните средства — Исправка на вредноста. За износот на книговодствениот отпис се признава ова конто, а товари контото 11 — Фондови (аналитичкото конто — Фонд на основните средства). При ликвидацијата на основните средства книженьата се вршат непосредно на контата на основните средства и фондовите. Ако при ликвидацијата на основните средства се укаже потреба од времено собирање трошоците на ликвидацијата на основните средства, овие трошоци можат да се книжат на контото временски разграничувања, во рамките на основното конто 3 — Побарувања и обврски.

Инвестициите во изградба се книжат во текот на изградбата на одделно аналитичко конто на ова основно конто, а по довршувањето се пренесуваат на аналитичкото конто на кое се водат довршените инвестиции. Инвестиционото одржување се книжи непосредно на товар на контото на амортизациониот фонд определен за инвестиционо одржување, во рамките на основното конто 11 — Фондови.

Стопанските организации се должни да водат инвентарска книга, во која ги внесуваат предметите од основните средства во моментот кога се набавени а ги испишуваат од инвентарската книга кога се расходуваат или продаваат.

На контото 11 — **Фондови,** се водат сите фондови на стопанската организација, како што се: фонд на основните средства, амортизационен фонд за замена, амортизационен фонд за инвестиционо одржување, резервен фонд, како и други фондови што ги формира стопанската организација сама.

Аналитичката евиденција се води по видовите на фондовите.

Контото 12 — **Добивка (губиток),** се признава за остварената добивка на товар на контото 4 — Реализација.

Остварената добивка се распределува по одредбите од Уредбата за расподелба на добивката и данокот на добивката на стопанските организации.

Распоредената добивка се книжи на товар на ова конто, а во корист на следните конта:

1) конто 3 — Побарувања и обврски (на соодветни аналитички конта) — за делот на добивката распределен за покритие на придонесот на општествената заедница;

2) конто 11 — Фондови (соодветни аналитички конта) — за делот на добивката распределен во фондовите;

3) конто 9 — Платен фонд (на аналитичкото конто Остварен платен фонд) — за делот на добивката распределен во платниот фонд заедно со придонесот за социјално осигурување.

Ако стопанската организација има губиток, тој се книжи на товар на ова конто, а во корист на контото 4 — Реализација.

Покритието на губитокот се врши по прописите што постојат и се книжи во корист на ова конто, а на товар на соодветните конта од кои се врши ова покритие.

## VII. СКУСЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА МАЛИ ТРГОВСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДУЌАНИ

1. — Благајна
2. — Банка — редовно конто
3. — Побарувања и обврски
4. — Реализација
5. — Трошоци
6. — Материјал и ситен инвентар
7 — Запаси на стоки
8 — Неостварени разлики во цената
9. — Платен фонд
10. — Основни средства
11. — Фондови
12. — Добивка (губиток)

Објасненијата дадени за примена на скусениот контен план за малите производителни претпријатија и занаетчиски дуќани што се однесуваат до контата 1 — **Благајна,** 2 — **Банка — редовно конто,** 3 — **Побарувања и обврски,** 6 — **Материјал и ситен инвентар,** 10 — **Основни средства** и 11 — **Фондови,** важат и за скусениот контен план за мали трговски претпријатија и дуќани.

Преку контото 4 — **Реализација,** се книжи продажбата на трговски стоки на товар на контото 1 — Благајна, ако е продажбата извршена за готово односно на товар на контото 3 — Побарувања и обврски, ако е продажбата фактурирана.

Во корист на ова конто се книжат и вонредните приходи.

На товар на ова конто се пренесуваат продадените трговски стоки од контото 7 — Запаси на стоки, по продавната цена.

Салдото на ова конто претставува само вонредни приходи што се пренесуваат во корист на контото 12 — Добивка (губиток).

Но, доколку остварената разлика во цената од контото 8 — Неостварени разлики во цените, не може да ги покрие трошоците на трговијата на контото 5 — Трошоци, се употребува и ова салдо за покритие на тие трошоци.

На контото 5 — **Трошоци,** се водат сите трошоци на трговијата и вонредните расходи.

Трошоците треба аналитички да се расчленат по видовите на ист начин како е тоа објаснето кај контото 5 — Трошоци во скратениот контен план за мали производителни претпријатија и занаетчиски дуќани.

Трошоците се покриваат на крај на пресметковниот период со остварената разлика во цената. Книженьата се вршат на товар на контото 8 — Неостварени разлики во цената, а во корист на ова конто, аналитичкото конто — Покритие на трошоците.

Сите аналитички конта на трошоците остануваат до крај на работната година отворени, а на крај на годината се израмнуваат долговните аналитички конта на трошоците со побарувачното аналитичкото конто — Покритие на трошоците.

Кога остварената разлика во цената не е доволна да ги покрие станатите трошоци на ова конто, тогаш се покрива непокривениот дел на тие трошоци и со евентуалните вонредни приходи прокнижени на контото 4 — Реализација. Ако ни вонредните приходи не се доволни за покритие на трошоците на ова конто, тие се покриваат спрема прописите што постојат со книжење на товар на соодветните конта од кои се врши ова покритие.

На контото 7 — **Запаси на стоки,** се водат трговските стоки по продавната цена. Разликата помеѓу набавната и продавната цена се води на контото 8 — Неостварени разлики во цената. Книженьата се вршат на следен начин: за укалкулираната продавна цена се задолжува ова конто, а признава контото 3 — Побарувања и обврски, за фактура на добавувачите и за превозни трошоци и контото 8 — Неостварени разлики во цената, за укалкулираната разлика во цената и укалкулираниот данок на промет.

На крај на пресметковниот период се пренесува вредноста на продадените стоки од ова конто на товар на контото 4 — Реализација.

По извршениот пренос на продадените стоки на ова конто се искажуваат запасите на стоки по продавната цена.

На контото 8 — **Неостварени разлики во цената,** му се одобрува разликата во цената што е укалкулирана при набавката на стоки. Исто така, на ова конто му се одобрува данокот на промет што е укалкулиран во продавната цена при набавката на стоките. Спрема тоа, за ова основно конто треба да се водат две аналитички конта, и тоа едно за укалкулираната разлика во цената а друго за укалкулираниот данок на промет.

На крај на пресметковниот период се пресметува остварената разлика во цената што отпаѓа на продадените стоки и со неа се товари ова конто и се покриваат трошоците на контото 5 — Трошоци, а остатокот претставува добивка која се пренесува на контото 12 — Добивка (губиток).

Данокот на промет што отпаѓа на продадените стоки, се пренесува од ова конто (аналитичко конто на данокот на промет) во корист на контото 3 — Побарувања и обврски (аналитичко конто на данокот на промет).

На контото 9 — **Платен фонд,** се книжат од една страна исплатите на товар на платниот фонд, а од друга страна остварениот платен фонд. Овие исплати што паѓаат на товар на платниот фонд се книжат на товар на ова конто. Остварениот платен фонд што произлегува од износот добивен по определениот процент на остварениот промет на дуќанот, се книжи во корист на ова конто заедно со соодветниот придонес за социјално осигурување. До висината на пресметковниот платен фонд се задолжува контото 5 — Трошоци, а остатокот се книжи на товар на контото 12 — Добивка (губиток), секогаш со соодветниот придонес за социјално осигурување.

Исплатата на придонесот за социјално осигурување, кој се пресметува во определен процент од платите, се книжи исто така на товар на ова конто како исплата на товар на платниот фонд.

За исплатите на товар на платниот фонд треба да се отвори одделно аналитичко конто под назив Исплати на товар на платниот фонд, а за остварениот платен фонд — друго аналитичко конто под назив Остварен контен фонд. На одделно аналитичко конто ќе се книжи придонесот за социјално осигурување.

Контото 12 — **Добивка (губиток),** се признава за добивката што станала од остварената разлика во цената што останала по покривањето на трошоците на контото 5 — Трошоци. Исто така, ова конто се признава за вонредните приходи што се книжени на контото 4 — Реализација, ако овие вонредни приходи не се веќе употребени за покритие на трошоците на контото 5 — Трошоци.

Кога трговското претпријатие или дуќан има губиток што произлегува отаде што се трошоците поголеми од остварената разлика во цената, овој губиток се книжи на товар на ова конто, а во корист на контото 5 — Трошоци. Покритието на губитокот се врши спрема прописите што постојат и се книжи во корист на ова основно конто, а на товар на соодветните конта, од кои се врши ова покритие.

Распоредот на добивката се врши и книжи онака како што е тоа објаснето за книженьето распоредот на добивката на контото 12 — Добивка (губиток), во скусениот контен план за мали производителни претпријатија и занаетчиски дуќани.

## VIII. СКУСЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА МАЛИ УГОСТИТЕЛСКИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДУЌАНИ

1 — Благајна
2 — Банка — редовно конто
3 — Побарувања и обврски
4 — Реализација
5 — Трошоци

6 — Материјал и ситен инвентар
7 — Запаси на животни прехрани и пијалоци
9 — Платен фонд
10 — Основни средства
11 — Фондови
12 — Добивка (губиток)

Објаснението дадени за примена на скусениот контен план за мали производителни претпријатија и занаетчиски дуќани, што се однесуваат до контата: 1 — **Благајна**, 2 — **Банка — редовно конто**, 3 — **Побарувања и обврски**, 6 — **Материјал и ситен инвентар**, 10 — **Основни средства** и 11 — **Фондови**, важат и за скусениот контен план за мали угостителски претпријатија и дуќани.

Контото 4 — **Реализација**, се признава за дневниот пазар односно за сите приходи (редовни и вонредни). На товар на ова конто се книжи данокот на промет, како и попустите што им се даваат на абонентите и пансионистите. Од приходите на контото 4 — Реализација, се намируваат на крај на пресметковниот период трошоците на контото 5 — Трошоци, а разликата се внесува како добивка на контото 12 — Добивката (губиток).

На контото 5 — **Трошоци**, се водат сите трошоци на угостителството.

За ова основно конто треба да се води аналитичка евиденција, која треба да ги содржи најмалку сите конта што се цитирани кај објаснението на контото 5 во скусениот контен план за мали производителни претпријатија и занаетчиски дуќани.

На крај на пресметковниот период се покриваат трошоците на ова конто со приходите остварени на контото 4 — Реализација. Книжењето на ова покритие се врши во корист на контото 5 — Трошоци, аналитичко конто Покритие на трошоците, а на товар на контото 4 — Реализација.

Сите аналитички конта остануваат до крајот на работната година отворени и на крај на годината се изравнуваат долговните аналитички конта на трошоците со потребното аналитичко конто Покритие на трошоците.

На контото 7 — **Запаси на животни прехрани и пијалоци**, се водат запаси на животни прехрани и пијалоци на угостителскиот дуќан. Вредноста на потрошените количини животни прехрани и пијалоци се пренесува од ова конто на товар на контото 5 — Трошоци.

Аналитичката евиденција треба да се води и да се групира спрема потребата во угостителското претпријатие односно дуќан.

На контото 9 — **Платен фонд**, се книжат, од една страна сите исплати што паѓаат на товар на платниот фонд, без обзир дали се вршат во форма на аконтации или конечни исплати, а од друга страна остварениот платен фонд. Остварениот платен фонд што произлегува од пресметковниот платен фонд или од добивката се книжи во корист на ова конто, заедно со соодветниот придонес за социјално осигурување.

Соодветниот придонес за социјално осигурување во определен процент на платите се книжи исто така на товар на ова конто како исплата на товар на платниот фонд.

За исплатите на товар на платниот фонд треба да се отвори аналитичко конто под назив Исплати на товар на платниот фонд, а за остварениот платен фонд друго аналитичко конто под назив Остварен платен фонд. На одделно аналитичко конто ќе се книжи придонесот за социјално осигурување.

На контото 12 — **Добивка (губиток)**, се книжи финансискиот резултат на стопанската организација. Со приходите од контото 4 — Реализација се намируваат на крај на пресметковниот период трошоците на контото 5 — Трошоци, додека преостанатиот износ на приходите претставува остварена добивка и се пренесува на ова конто.

Ако со приходите на контото 4 — Реализација, не можат да се покријат трошоците на контото 5 — Трошоци, настанува губиток кој се книжи на тој начин што непокривениот дел на трошоците се пренесува од контото 5 — Трошоци, на товар на контото 12 — Добивка (губиток).

Покритието на губитокот се врши спрема прописите што постојат и се книжи во корист на ова конто а на товар на соодветните конта од кои се врши ова покритие.

Распоредот на добивката се врши и се книжи на начинот објаснет кај контото 12 — Добивка (губиток) во скусениот контен план за мали производителни претпријатија и занаетчиски дуќани.

## IX. СКУСЕН КОНТЕН ПЛАН ЗА МАЛИ СЕЛСКО-СТОПАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ (ДОБРА)

1 — Благајна
2 — Банка — редовно конто
3 — Побарувања и обврски
4 — Реализација
5 — Производство
6 — Материјал и ситен инвентар
7 — Готови производи
8 — Добиток
9 — Платен фонд
10 — Основни средства
11 — Фондови
12 — Добивка (губиток)

Објаснението дадени за примена на скусениот контен план за мали производителни претпријатија и занаетчиски дуќани, што се однесуваат до контата: 1 — **Благајна**, 2 — **Банка — редовно конто**, 3 — **Побарувања и обврски**, 6 — **Материјал и ситен инвентар**, и 11 — **Фондови**, важат и за скусениот контен план за мали селско-стопански организации (добра).

На контото 4 — **Реализација**, се книжи од една страна прометот на реализираните готови производи и услуги по продажната цена, како и вонредните приходи, додека од друга страна се книжи цената на чинењето на реализираните производи или услуги), како и вонредните расходи.

Во корист на ова конто се книжи фактурната вредност на продадените производи на товар на контото 3 — Побарувања и обврски, како и дневните пазари на товар на контото 1 — Благајна. Исто така, во корист на ова конто се книжат вонредните приходи, а на товар на соодветните конта преку кои е остварен овој приход.

Исто така, во корист на ова конто се книжи и вредноста на сопствените производи потрошени за натамошна репродукција на доброто, пресметана врз основа на пазаришните цени намалени со нормалните трошоци на продажбата и предвидената добивка. Во корист на ова конто се книжи исто така наголемената вредност на добитокот во текот на годината, и тоа како на обртното стадо, така и на основното.

Вонредните расходи се книжат при товар на товар на контото 5 — Производство, за да паѓаат сите расходи на стопанската организација опфатени на заедничкото конто 5 — Производство. Бидејќи вонредните расходи не влегуваат во цената на книжењето на производите или услугите, тие на крај на пресметковниот период (годината) се пренесуваат на товар на контото 4 — Реализација.

На товар на ова конто а во корист на контото 7 — Готови производи се книжи вредноста на реализираните производи, пресметана по цената на чинењето на начинот објаснет кај контото 7 — Готови производи.

Данокот на промет за продадени готови производи се книжи на товар на ова конто, а во корист на контото 3 — Побарувања и обврски.

Салдото на ова конто кое, по правило, е побивно, покажува добивка која не е пре-

сметковниот период се пренесува во корист на контото 12 — Добивка (губиток). Евентуалното активно салдо на ова конто преставува губиток на стопанската организација кој исто така се пренесува на контото 12 — Добивка (губиток).

На товар на контото 5 — Производство, се книжат сите трошоци и други расходи на стопанската организација. На крајот на пресметковниот период (годината) трошоците што се однесуваат до завршеното производство се пренесуваат на контото 7 — Готови производи, а вонредните расходи на товар на контото 4 — Реализација.

Трошоците што се пренесуваат на контото 7 — Готови производи, се добиваат со одземање вредноста на недовршеното производство на крај на годината од почетната состојба на недовршеното производство и станатите трошоци во текот на годината.

Ова основно конто се расчленува аналитички најмалку на следниве конта:

1) Пренесени трошоци од минатата година (недовршено производство),
2) Материјални трошоци и услуги од други,
3) Амортизација,
4) Придонеси на општествената заедница,
5) Пресметковни плати со социјалното осигурување,
6) Вонредни расходи,
7) Распоред на трошоците.

Аналитичкото конто Распоред на трошоците служи за пренесување трошоците на завршените производи на товар на основното конто 7 — Готови производи. Трошоците што се однесуваат до недовршеното производство се искажуваат идната година на аналитичкото конто Пренесени трошоци од минатата година, додека вонредните расходи се пренесуваат на товар на контото 4 — Реализација. Ова пресметување се врши на крај на пресметковниот период (година).

По потреба можат да се вршат и подетални расчленување на ова основно конто.

На контото 7 — **Готови производи**, се водат готовите производи по цената на чинењето. Задолжувањето на ова конто се врши на крај на пресметковниот период (годината), со одобрување контото 5 — Производство, онака како е тоа објаснето кај тоа конто.

На крајот на годината останува како салдо на ова конто вредноста на готовите производи, пресметана врз основа на пазаришните цени намалени со нормалните трошоци на продажбата и предвидената добивка.

На крајот на пресметковниот период (годината) ова конто се одобрува, на товар на контото 4 — Реализација, за вредноста на реализираните производи, пресметана по цената на чинењето. Оваа вредност се добива со одземање вредноста на запасите на производи на крај на годината од вредноста на запасите на почетокот на годината и вредноста на произведените производи во текот на годината.

На контото 8 — **Добиток**, се води во текот на целата година вредноста на сиот добиток, како оној од основното, така и оној од обртното стадо.

Во текот на годината ова конто се задолжува во корист на соодветното конто (добавувачи) за вредноста на купениот добиток, а се одобрува на товар на соодветното конто (купувачи, ДОЗ и др.) за вредноста на продадениот добиток, односно задолжувањето на одговорните лица или на ДОЗ. При тоа за основното стадо се вршат уште и соодветни книжења помеѓу аналитичките конта на Фондот на основните средства и Амортизационниот фонд за замена.

На крајот на годината ова конто се задолжува во корист на контото 4 Реализација, за вредноста на прирастот, како на основното така и на обртното стадо, односно се одобрува, исто така на товар на контото 4 — Реализација, за вредноста на губитокот во тежината (вредноста).

Вредноста на прирастот се добива кога од вредноста на добитокот на почетокот на годината и вредноста на купениот добиток во текот на годината, ќе се одземе вредноста на продадениот добиток (купувачи, ДОЗ и др.) во текот на годината, а потоа овој износ се одземе од вредноста на добитокот на крајот на годината. Прирастот се пресметува одделно за основното стадо а одделно за обртното, затоа што треба да се книжи на конта на фондовите. Ако износот добиен на горниот начин е поголем од вредноста на добитокот на крајот на годината, значи дека е во прашање губиток, кој исто така се книжи на контото 4 — Реализација.

Преку контото 9 — **Платен фонд**, се книжат од една страна исплатите извршени на товар на платниот фонд, а од друга страна остварениот платен фонд. Сите исплати што паѓаат на товар на платниот фонд се исплатуваат и книжат на товар на ова конто.

Придонесот за социјално осигурување што го плаќа стопанската организација задолжително, исто така се книжи на ова конто.

Ова конто треба да се расчлени на следниве аналитички конта:

1) Исплатени плати,
2) Други исплати на товар на платниот фонд,
3) Укалкулирани плати,
4) Остварени плати.

Аналитичкото конто Исплатени плати се товари за сите износи исплатени на име плати, а контото Други исплати на товар на платниот фонд, за сите други исплати што се вршат на товар на платниот фонд, како што се: придонесот за социјално осигурување, дневниците за службени патувања и др.

Аналитичкото конто Укалкулирани плати се одобрува на товар на контото 5 — Производство, за износот на укалкулираниот пресметковниот платен фонд со соодветниот придонес за социјално осигурување.

Аналитичкото конто Остварени плати се одобрува на товар на аналитичкото конто Укалкулирани плати, за делот на платите, со придонесот за социјалното осигурување на тие плати, што се однесува до реализираните производи, како и на делот на платите со придонесот за социјално осигурување, што се расподелува од добивката, на товар на контото 12 — Добивка (губиток). Ова аналитичко конто потоа се задолжува за истиот износ, а одобрува аналитичкото конто Други исплати на товар на платниот фонд за износот на долговната страна на тоа конто, а аналитичкото конто Исплатени плати — за остатокот.

На контото 10 — **Основни средства**, се водат сите основни средства на стопанската организација, освен добитокот, и тоа по набавните цени односно по цените утврдени со проценка врз основа на прописите што постојат.

Бидејќи книговодствениот отпис се врши по индиректен метод и книжи на ова конто, во рамките на ова основно конто треба да се отвори и одделно аналитичко конто Исправки на вредноста на основните средства.

На одделното аналитичко конто Инвестиции во тек, во рамките на ова основно конто се книжи изградбата на инвестиции се' до довршувањето, додека инвестиционото одржување се книжи на контото Амортизационен фонд, за инвестиционото одржување во рамките на основното конто 11 — Фондови.

При ликвидацијата на основните средства книжењата се вршат непосредно на контата на основните средства и фондовите.

Селско-стопанските организации се должни да водат инвентарска книга во која ги внесуваат пред-

метите од основните средства во моментот кога се набавени, а ги испишуваат од инвентарската книга кога се расходуваат или продаваат.

Контото 12 — **Добивка (губиток),** се признава за остварената добивка на товар на контото 4 — Реализација.

Расподелбата на добивката се книжи на товар на ова конто, а во корист на соодветните конта, веќе спрема тоа како е извршена расподелбата на добивката.

Ако стопанската организација има губиток, тој се книжи на товар на ова конто, а во корист на основното конто 4 Реализација.

Покритието на губиток се врши спрема прописите што постојат и се книжи во корист на ова конто, а на товар на соодветните конта од кои се врши ова покритие.

## Г. КНИГОВОДСТВО НА ЗАНАЕТЧИСКИТЕ И УГОСТИТЕЛСКИТЕ ДУЌАНИ СО МАЛ ВКУПЕН ПРИХОД

24. Во смисла на одредбите од чл. 6, ст. 3 од Уредбата за книговодството на стопанските организации, занаетчиските и угостителските дуќани со мали вкупни приходи го водат книговодството по начелата на едноставното (просто) книговодство. Занаетчиските и угостителските дуќани со мал вкупен приход го утврдуваат конечниот успех во текот на еден временски период (година), упоредувајќи ја состојбата по инвентарот на почетокот и на крајот на годината.

Дуќаните што ги применуваат начелата на едноставниот (просто) книговодство водат во смисла на одредбите на чл. 12 од уредбата следни книги:

а) благајничка книга,
б) книга за набавки,
в) книга на поверителите и должниците, и
г) инвентарска книга.

**Благајничка книга** — Во оваа книга се внесуваат сите примања и издавања на готови пари (домашни, но не странски валути, девизи итн.). Книгата има две страни: на левата се бележи влезот на парите во благајната (примање) а на десната страна се внесува излезот на парите (издавања). Таа може да се води место на две страни (фолирано), само на една страна (пагинирано), во кој случај страните на книгата имаат по две колони.

Без обзир како се води благајничката книга, книжењата мора да се вршат така што преминувањето од една страна на следната страна да може да се врши само тогаш кога ќе се исполни претходно првата страна. Книгата има следни колони: датум, реден број на документот односно налогот за книжење, содржина на предметот, повикување (врска со друга книга) и износ.

Ако занаетчиските и угостителските дуќани имаат текушта сметка при банката, евиденцијата за состојбата и прометот преку банката ја водат исто така во благајничката книга но во одделни колони.

**Книга за набавки** — Во оваа книга се внесува секоја купувачка на материјали и стоки, без обзир дали е вршена за готови пари или на кредит. Таа се води така што покрај количината на набавените материјали или стоки да се внесува и износот на нивните вредности. Книгата има, по правило, следни колони: датум, повикување (врска со книгата на поверителите и должниците или благајничката книга), ознака од кого се стоките набавени, количина на стоки и вкупен износ.

**Книга на поверителите и должниците** — Во оваа книга се внесуваат должниците и поверителите одвоено, т. е. за секој должник се отвора одделен лист. Како и благајничката книга, и оваа книга се води на две страни. Кај должникот на левата страна се запишува долгот, а на десната страна стиглатите што ги плаќа должникот. Кај поверителот на десната страна се запишува износот што му се долгува на поверителот, а на левата страна се внесуваат износите што му се плаќаат на поверителот. Книгата на поверителите и должниците може да се води и пагинирано, т. е. така што за секој должник или поверител да се водат на една страна меѓусебните односи, но тогаш листот мора да има две колони.

**Инвентарска книга** — Во оваа книга се внесуваат на крајот на годината, односно при почетокот на работата сите средства, сите обврски и сите побарувања на дуќанот поединечно.

На крајот годината при пописот (инвентарисањето) се заклучуваат сите книги заради упоредба со состојбата по пописот.

Ако збирот на средствата и побарувањата по одбивањето на обврските по инвентарот на крајот на годината е поголем од збирот по инвентарот на крајот на претходната година, значи дека дуќанот ја завршил работната година со успех и обрнато, ако збирот на средствата и побарувањата по одбивањето на обврските по инвентарот на крајот на годината е помал од оној во инвентарот на крајот на претходната година, е остварен губиток.

При пописот треба да се води сметка средствата и нивните извори да се внесуваат во инвентарот спрема прописите што постојат за инвентарисањето.

## Д. КНИГОВОДСТВО НА ОПШТЕСТВЕНИОТ СТАНДАРД

25. Стопанските организации што во својот состав управуваат со имот на општествениот стандард, водат одделно книговодство за овој имот.

Стопанската организација што управува со мал имот на општествениот стандард (станбени згради, превозни средства итн.), го води книговодството по начелата на едноставното (просто) книговодство, во смисла на одредбите на точ. 21 од ова упатство.

Стопанската организација што управува со управува со поголем имот општествениот стандард, го води своето книговодство за општествениот стандард по скусениот контен план за мали трговски претпријатија и дуќани, согласно одредбите на гл. VII од ова упатство.

Надлежниот народен одбор на околијата (градот) или градската општина со одделни права донесува по предлог од стопанската организација одлука за тоа дали во смисла на ст. 2 и 3 од оваа точка е во прашање помал или поголем имот на општествениот стандард што и' е даден на управување на стопанската организација.

## Ѓ. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА

26. Промените што немаат непосредни врски ни влијание на големината и составот на средствата (остави, гаранции и сл.) и нивните извори, стопанските организации ги евидентираат на евиденционите парни конта вон книговодството на стопанската дејност.

Во периодичните бруто биланси и во годишниот биланс износите на вонбилансната евиденција се искажуваат после збирот на билансот (под „цртата").

27. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ".

Бр. 16300
30 декември 1953 година
Белград

Државен секретар
за работи на народното стопанство,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

**8.**

Врз основа на ст. 4 точ. 2 од Времената одлука за забрана на извозот и контингентирањето на некои производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53) пропишувам

## УПАТСТВО

### ЗА НАЧИНОТ И УСЛОВИТЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ ОДОБРЕНИЈА ЗА ИЗВОЗ НА КОНТИНГЕНТИРАНИТЕ ПРОИЗВОДИ

I. Одобренијата за извоз на производите од точ. 2 на Времената одлука за забрана на извозот и контингентирањето на некои производи ќе ги издава Управата за надворешна трговија, и тоа:

1) за електролитен бакар, рафинирано олово, цинк и цинков прав, валјани, влечени и ковани производи од бакар, валјани и влечени производи од бакарни легури, голи бакарни јажиња, прагови од сите видови (освен делкани дабови) и костенов екстрат за штавење — во рамките на контингентите определени со Решението за определување контингентите на некои производи за извоз и за преработка во земјата во 1954 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/53);

2) за резанци од шекерна репа, трици, меласа, маслени погачи, шрот и сачма — во оние количини што ќе ги утврди Сојузната управа за исхрана;

3) за коњи за работа и приплод и за ждребиња — во рамките на контингентите што ќе утврди сојузниот Државен секретаријат за работи на народното стопанство.

За извоз на делкана граѓа од четинари нема да се издаваат одобренија за извоз туку ќе се врши контрола на контингентот определен за тој производ со Решението за определување на извозниот контингент на делкана граѓа од четинари за I тримесечје на 1954 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 1/54).

II. Извозот на производите од претходната точка ќе го следи управата за надворешна трговија врз основа на извештаите од стопанските организации за склучените работи и евиденцијата за фактично извезените количини.

III. Извозните претпријатија се должни на Управата за надворешна трговија по нејзино барање да и испратат извештаи за склучените работи и извршените испораки на производите наведени во ова упатство.

IV. Одредбите од ова упатство ќе се применуваат и на неизвршените заклучоци од 1953 година.

V. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службениот лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1954 година.

Бр. 158
1 јануари 1954 година
Белград

Државен секретар
за работи на народното стопанство,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

**9.**

Врз основа на одредбите од Времената одлука за забрана на извозот и контингентирањето на некои производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/53) и Решението за определување контингентите на некои производи за извоз и за преработка во земјата во 1954 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 56/53) донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ИЗВОЗНИОТ КОНТИНГЕНТ НА ДЕЛКАНА ГРАЃА ОД ЧЕТИНАРИ ЗА I ТРИМЕСЕЧЈЕ НА 1954 ГОДИНА

1. — Извозниот контингент на делкана граѓа од четинари за I тримесечје на 1954 година се определува со 100.000 м³.

2. — Склучените а неизвршени работи што постојат одат на товар на контингентот цитиран во претходната точка и ќе се согласат со тој контингент.

3. — Управата за надворешна трговија ќе го изврши ова решение.

4. — Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на ФНРЈ", а ќе се применува од 1 јануари 1954 година.

Бр. 159
1 јануари 1954 година
Белград

Државен секретар
за работи на народното стопанство,
**Хасан Бркиќ**, с. р.

**10.**

Врз основа на чл. 16 ст. 2 во врска со чл. 2 ст. 1 и чл. 11 од Законот за печатот донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ЗАБРАНА ДА СЕ ВНЕСУВА И РАСТУРА ПОШТЕНСКАТА МАРКА СО ЛИКОТ НА АЛОЈЗИЕ СТЕПИНЕЦ, ГЕОГРАФСКАТА КАРТА СО НАТПИС »CROATIA« И »ANTEMURALE CHRISTIANITATIS POPE LEO X 1519«

Се забранува внесувањето и растурањето во Федеративна Народна Република Југославија на печатената работа што е изработена во вид на поштенска марка на која се наоѓа ликот на Алојзие Степинец, географската карта со натпис »Croatia« и »Antemurale Christianitatis Pope Leo X 1519«, Бидејќи со својот изглед оди кон пропатирање национална и верска неднаквост, омраза и раздор.

Бидејќи растурањето на оваа печатена работа се врши со лепење на поодделни поштенски пратки што доаѓаат од странство, оваа забрана го опфаќа и внесувањето и растурањето на поштенските пратки на кои е залепена оваа печатена работа.

II/3 бр. 22781
12 декември 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

**11.**

Врз основа на чл. 13 точ. д) од Законот за здруженијата соборите и другите јавни собранија, а по исполнување на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон донесувам

## РЕШЕНИЕ

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА СТЕНОГРАФИТЕ НА ЈУГОСЛАВИЈА

Се одобрува според поднесените правила и програмата на работата основањето и работата на Сојузот на стенографите на Југославија со седиште во Белград а со дејност на целата територија на Југославија.

II/3 Бр. 22311
16 декември 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

12.

Врз основа на чл. 13 точ. д) од Законот за здруженијата, соборите и другите јавни собранија, а по исполнување на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА АРХИВСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА ФНРЈ

Се одобрува според поднесените правила основањето и работата на Сојузот на архивските работници на ФНРЈ, со седиште во Белград, а со дејност на целата територија на Југославија.

П/3 Бр. 22058/1
15 декември 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

---

13.

Врз основа на чл. 13 точ. д) од Законот за здруженијата, соборите и другите јавни собранија, а по исполнување на условите од чл. 14, 15 и 16 од истиот закон донесувам

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ОДОБРУВАЊЕ ОСНИВАЊЕТО И РАБОТАТА НА СОЈУЗОТ НА ДРУШТВАТА НА ЗАБАРСКИТЕ РАБОТНИЦИ НА ФНРЈ

Се одобрува според поднесените правила основањето и работата на Сојузот на друштвата на забарските работници на ФНРЈ, со седиште во Белград, а со дејност на целата територија на Југославија.

П/3 Бр. 14539/1
9 декември 1953 година
Белград

Државен секретар
за внатрешни работи,
**Светислав Стефановиќ**, с. р.

---

14.

Врз основа на чл. 6 од Уредбата за југословенските стандарди, сојузните прописи за квалитетот на производите и производителните спецификации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/51) Сојузната комисија за стандардизација донесува

## Р Е Ш Е Н И Е

### ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ЈУГОСЛОВЕНСКИ СТАНДАРДИ ЗА МАШИНСКИ НОЖЕВИ, ВПУШТАЧИ, ЦИНК И ВОЛНА

1. Во издание на Сојузната комисија за стандардизација се донесуваат југословенски стандарди за машински ножеви, впуштачи, цинк и волна:

| | |
|---|---|
| Преглед на стандардизирани машински ножеви | JUS K.C1.002 |
| Димензии на профилот на нож | JUS K.C1.003 |
| Препорачани големини на аголите на нож | JUS K.C1.004 |
| Прави ножеви за груба обработка | JUS K.C1.010 |
| Свиткани ножеви за груба обработка | JUS K.C1.011 |
| Ножеви за внатрешна груба обработка | JUS K.C1.012 |
| Прави шилести ножеви за фина обработка | JUS K.C1.013 |
| Свиткани ножеви за фина обработка | JUS K.C1.014 |
| Ножеви за внатрешна фина обработка | JUS K.C1.015 |
| Странични ножеви | JUS K.C1.016 |
| Прави ножеви за засечување | JUS K.C1.017 |
| Кукести ножеви за засечување | JUS K.C1.018 |
| Свиткани ножеви за засечување | JUS K.C1.019 |
| Ножеви за внатрешно засечување | JUS K.C1.020 |
| Прави шилести ножеви | JUS K.C1.021 |
| Кукести шилести ножеви | JUS K.C1.022 |
| Ножеви за дупчење | JUS K.C1.023 |
| Прави ножеви за фина обработка | JUS K.C1.024 |
| Кукести ножеви за фина обработка | JUS K.C1.025 |
| Ножеви за отсечување | JUS K.C1.026 |
| Впуштачи — Дефиниции и ознаки на поимите | JUS K.D3.101 |
| Цинк | JUS C.E1.002 |
| Определување количината на волнено влакно во испорака на сурова или деломично прана волна | JUS F.S3.011 |

Споменатите југословенски стандарди се објавени во одделно издание на Сојузната комисија за стандардизација, што е составен дел од ова решение.

2. Овие југословенски стандарди влегуваат во сила на 1 јуни 1954 година.

Бр. 1892
29 декември 1953 година
Белград

Претседател
на Сојузната комисија на стандардизација,
инж. **Славољуб Витеровиќ**, с. р.

---

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

## СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ СРБИЈЕ

„Службени гласник Народне Републике Србије" во бројот 41 од 14 ноември 1953 година објавува:

**Одлука** за утврдување на претсметката на расходите на новооснованите републички органи и самостојни управи;

**Наредба** за употреба на средствата добивени со продажба на мелени и манипулативни вишоци што настануваат при мелењето на житата;

**Објава** на Републичката изборна комисија на НР Србија за повлекување на потврдената кандидатура во Изборната околија неродимска.

## НАРОДНЕ НОВИНЕ СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ХРВАТСКЕ

„Народне новине" службени лист Н. Р. Хрватске во бројот 51 од 12 ноември 1953 година објавуваат:

**Одлука** за измена на стопите на акумулацијата и општествените фондови;

**Наредба** за организација и спроведување мерки со цел да се спречуваат заразите на добитокот во 1954 година;

**Решение** за измена на Решението за определување на највисоките цени за услугите во здравствените установи на подрачјето на НР Хрватска.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ ЦРНЕ ГОРЕ

„Службени лист Народне Републике Црне Горе" во бројот 23 од 10 декември 1953 година објавува:

**Одлука** за свикување на Народната скупштина на НР Црна Гора;

**Правилник** за измени и дополненија на Правилникот за организацијата и работата на Вишата педагошка школа на Цетиње;

**Решение** за измени на Решението за определување на највисоките цени за услугите во здравствените установи со самостојно финансирање на подрачјето на НР Црна Гора;

**Упатство** за примена на Уредбата за доделување парична помош на жртвите од фашистичкиот терор и на фамилиите од жртвите од фашистичкиот терор;

**Одлуки** за определување дополнителни избори на упразнените места за одборници во околиите: бијелопољска, цетињска, пљеваљска; на градските општини: Бар и Цетиње и на Соборот на производителите на Околијата бијелопољска.

## СЛУЖБЕН ВЕСНИКА НА НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Народна Република Македонија" во бројот 35 од 6 ноември 1953 година објавува:

**Одлука** за задолжително доставување печатени работи на Народната библиотека во Скопје;

**Правилник** за полагање испити за трговски помошник;

**Објава** на Републичката комисија за избор на републички народни пратеници за изборите во Републичкиот собор на Народното собрание на Народна Република Македонија, што ќе се одржат на 22 ноември 1953 година.

Во бројот 36 од 9 ноември 1953 година објавува:

**Објава** на Републичката комисија за избор на републички народни пратеници за изборите во Соборот на производителите на Народното собрание на Народна Република Македонија, што ќе се одржат на 25 ноември 1953 година.

Во бројот 37 од 18 ноември 1953 година објавува:

**Решение** за највисоките цени на услугите во здравствени установи со самостојно финансирање во НР Македонија;

**Решение** за формирање и определување бројот на членовите на управните одбори на здравствените установи што му прават услуги на сето население од подрачјето на НР Македонија;

**Објава** за дополнително потврдените кандидати за изборите за народни пратеници за Соборот на производителите на Народното собрание на НР Македонија што ќе се одржат на 25 декември 1953 година.

Во бројот 38 од 1 декември 1953 година објавува:

**Уредба** за Управа за инвестициона изградба на НР Македонија.

## СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НАРОДНЕ РЕПУБЛИКЕ БОСНЕ И ХЕРЦЕГОВИНЕ

„Службени лист Народне Републике Босне и Херцеговине" во бројот 24 од 25 ноември 1953 година објавува:

**Наредба** за висина на надокнадата на трошоците за храна и ноќевање на судиите-поротници;

**Наредба** за определување награди за затирање волци.

## СОДРЖИНА:


Страна

1. Решение за дополнение на Решението за цените на добитокот, на превозни и други средства кои ќе служат за утврдување месечна наемнина и надокнада на имателите од кои што се земени за потребите на оружените сили на ФНРЈ — — — — — 1
2. Решение за дополнение на Решението за определување наемнината и надокнадата на имателите на добиток, превозни и други средства земени за потребите на оружените сили на ФНРЈ — — — — — — — 1
3. Решение за определување највисоките продавни цени за моторен бензин, моторен петрол и плинско уље — — — — 2
4. Правилник за стручната спрема на управните службеници — — — — — — — — — — 2
5. Упатство за хонорарните службеници — 6
6. Правилник за измени и дополненија на Правилникот за извршните службеници во ресорот на внатрешните работи — — 7
7. Упатство за примена на контингентните планови на стопанските организации — — — — 7
8. Упатство за начинот и условите за издавање одобренија за извоз на контингентираните производи — — — — — — — 26
9. Решение за определување извозниот контингент на делкана граѓа од четинарите за I тримесечје 1954 година — — — — — 26
10. Решение за забрана да се внесува и растура поштенската марка со ликот на Алојзие Степинец, географската карта со натпис »Croatia« и »Antemurale Christianitatis Pope Leo X 1519« — — — — — — — — 26
11. Решение за одобрување основањето и работата на Сојузот на стенографите на Југославија — — — — — — — — — — — 26
12. Решение за одобрување основањето и работата на Сојузот на архивските работници на ФНРЈ — — — — — — — — — — 27
13. Решение за одобрување основањето и работата на Сојузот на друштвата на забарските работници на ФНРЈ — — — — — 27
14. Решение за донесување југословенски стандарди за машински ножеви, впуштачи, цинк и волна — — — — — — — — — 27


**Издавач: „Службен лист на ФНРЈ" — новинско-издавачка установа — Белград, Улица Краљевића Марка бр. 9. — Директор и одговорен уредник Слободан М. Нешовиќ, Улица Краљевића Марка бр. 9. Печат на Југословенското штампарско претпријатие, Белград**